МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ

МЗМП



# ГОДИШЕН извештај 2021

## ЕФИКАСНОСТА НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

декември 2021
Скопје

**Наслов на публикацијата**
Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија - 2021 година

**Издавач**
Македонско здружение на млади правници

**Уредници**
Јасна Оровчанец Аранѓеловиќ

**Ликовно-графичко обликување**
Ани Аранѓеловиќ

## СОДРЖИНА


**Листа на кратенки** **3**
За извештајот 4
**За користената методологија** **5**
За правната заштита на човековите права во РСМ 6

ДЕЛ 1: ДОКУМЕНТИРАНИ ПОВРЕДИ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА 7

**ПРАВА ПОВРЗАНИ СО ЖИВОТОТ, ТЕЛОТО И ЛИЧНОСТА** **7**
- Усогласување на Кривичниот законик со Истанбулската конвенција 7
- Нов закон за спречување од насилство врз жените и семејното насилство 8
- Продолжување на трендот за родово базирано вознемирување и насилство преку интернет 8
- Пријавени над 20 кривични дела против половата слобода и половиот морал 9

**ЗАШТИТА ОД ТОРТУРА И НЕЧОВЕЧКО ИЛИ ПОНИЖУВАЧКО ПОСТАПУВАЊЕ** **10**
- Институционални капацитети за борба со тортурата и нехуманиот третман 10
- Пријави на лица што се соочиле со тортура и нехуман третман од страна на полициски службеници или припадници на затворската полиција 11
- Полициска бруталност врз лица од ромска националност 12
- Пријавување тортура и нехуман третман во казненопоправните и воспитно-поправните домови 13

**ПРАВА НА ДЕЦАТА** **15**
- Имплементација на принципот на најдобар интерес на детето 15
- Потребен зајакнат систем на утврдување на потребите и доделување образовни асистенти на децата со ПОП 16
- Повреда на правото на еднаков пристап до образование 17
- Врсничко насилство и онлајн врсничко насилство 17

**ПРАВО НА ЕДНАКВОСТ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА** **18**
- Повреда на правото на еднаквост со мерката на Владата за задолжително приложување сертификат за вакцинација против КОВИД-19 18
- Дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет 19

**ПРАВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА** **20**
- Пристапот до здравствена заштита во услови на пандемија 20
- Здравствена заштита на граѓани заболени од КОВИД-19 22

**МЕРКИ НА ВЛАДАТА НА РСМ ПОВРЗАНИ СО КОВИД-19 22**

**ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРИВАТНОСТА 24**
Влегувањето во сила на новиот Закон за заштита на личните податоци 24
Претставки на граѓаните во врска со заштитата на личните податоци 24

**ПРАВО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА 25**
Државата сè уште се соочува со предизвици за заштитата на водите 25
Аерозагадувањето, континуиран проблем во Македонија 26
Нема целосно решение за депониите 27
Државата сè уште нема воспоставено систем за справување со контаминирани подрачја 28
Потребна е поголема заштита на Маврово 29
Потребно е унапредување на кривичноправната заштита на животната средина 30

**ПРАВО НА ДРЖАВЈАНСТВО И ПРАВЕН ИДЕНТИТЕТ 31**
Постапка за запишување во матичната книга на родените 31
Постапка за регулирање престој 32
Постапка за прием во државјанство 33

**ПРАВО НА АЗИЛ И ИНТЕГРАЦИЈА НА БЕГАЛЦИ 34**
Постапка за признавање право на азил 34
Оневозможен пристап на пазарот на труд за барателите на азил 35
Остварување права пред Управата за водење на матичните книги 35
Пречки при остварување на правото на државјанство 36
Состојба предизвикана од КОВИД-19 36
Карантинско сместување за време на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 без постоење правен основ 36
Права на странци и мигранти 37

**ПРИСТАП ДО ПРАВДА 39**
Идентификувани предизвици и недостатоци 40
Примарна правна помош обезбедена од Македонското здружение на млади правници во 2021 година 41

**ПРЕСУДИ И О2ДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА 44**

**ИЗВРШУВАЊЕ ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА 49**

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

БПП – Бесплатна правна помош

ВУС на РСМ – Виш управен суд на Република Северна Македонија

ВУС на РСМ – Виш управен суд на Република Северна Македонија

ДИТ – Државен инспекторат на труд

ДИЖС – Државен инспекторат за животна средина

ЕКЧП – Европска конвенција за човекови права

ЕСЧП – Европски суд за човекови права

ЗБПП – Закон за бесплатна правна помош

ЗЗНЗБ – Закон за заштита на населението од заразни болести

ЗМПЗ – Закон за меѓународна и привремена заштита

ЗСЗД – Закон за спречување и заштита од дискриминација

КЗ – Кривичен законик

КОВИД-19 – Коронавирус 2019

КПТ – Комитет за превенција од тортура

МВР – Министерство за внатрешни работи

МЖСПП – Министерство за животна средина и просторно планирање

МЗМП – Македонско здружение на млади правници

МОН – Министерство за образование и наука

МП – Министерство за правда

МТСП – Министерство за труд и социјална политика

НП – Народен правобранител

ОЈО – Основно јавно обвинителство

РСМ – Република Северна Македонија

УВМК – Управа за водење на матичните книги

УС на РСМ – Управен суд на Република Северна Македонија

ЦСР – Центар за социјални работи

ЦУК – Центар за управување со кризи

## ЗА ИЗВЕШТАЈОТ

Со седмиот Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија (Извештајот), Македонското здружение на млади правници (МЗМП)[1] има цел објективно да ги презентира и да ги документира повредите на човековите права идентификувани во 2021 година од страна на здружението. Објективно и транспарентно презентирање на состојбата за почитувањето и заштитата на човековите права во државата е од примарна важност за Извештајот и за тимот на МЗМП. Овој документ се надоврзува на другите национални и меѓународни извештаи посветени на човековите права, но се фокусира на правната заштита.

Првиот дел од Извештајот содржи опис на повредите на човековите права што се забележани и документирани од страна на тимот на МЗМП. Извештајот ги анализира документираните повреди на човековите права, и тоа во следните области: права поврзани со животот телото и личноста, одделно осврнувајќи се на родово базираното насилство, заштитата од тортура, нечовечко и понижувачко однесување, полициската бруталност и институционалните капацитети, правото на еднаквост и заштита од дискриминација, правата на децата, правото на слобода на движење, заштитата на личните податоци и приватноста, правото на здрава животна средина, правото на здравствена заштита, правото на државјанство и правен идентитет, правото на азил и интеграција на бегалците, правата на странците и мигрантите. Поради повредите поврзани со здравствената криза што го погоди светот, Извештајот се осврнува и на мерките донесени од страна на владата во време на Ковид-19. Вториот дел ја анализира ефикасноста на механизмите за заштита на човековите права и пресудите на Европскиот суд за човекови права донесени во 2021 година што се однесуваат на РСМ, а во кои се утврдува повреда на правата заштитени со Европската конвенција за човекови права.

1 Извештај од 2020 година https://bit.ly/3aHH9Wv
Извештај од 2019 година shorturl.at/fEHJR
Извештај од 2018 година shorturl.at/opxJO
Извештај од 2017 година https://goo.gl/rJQPdr
Извештај за 2016 година https://goo.gl/2YJHJ3
Извештај за 2015 година https://goo.gl/zZHee8

## ЗА КОРИСТЕНАТА МЕТОДОЛОГИЈА

При изработката на овој Извештај, тимот користеше комбиниран аналитичко-синтетички пристап во однос на прибирањето на податоците, нивното документирање и анализа. Извештајот има цел да ги постигне следните истражувачки цели:

1. Да ги опише повредите на човековите слободи и права што се идентификувани од страна на МЗМП; и
2. Да анализира дали постојните правни средства и механизми, пред сѐ, судската заштита, се ефикасни во обезбедувањето заштита на граѓаните кога се повредени нивните слободи и права.

Податоците што се однесуваат на идентификуваните повреди на човековите права се прибрани преку следните извори на податоци:

1. Документирани поплаки и информации од граѓани што се обратиле до МЗМП;
2. Документирани правни совети обезбедени од страна на адвокатите соработници и увид во списите од предметите поведени во рамките на проектите што ги спроведува МЗМП;
3. Следење и увид во објави на медиумите што се однесуваат на случаи на повреда на човековите права;
4. Следење релевантни меѓународни и национални извештаи што се однесуваат на заштитата на човековите права во РСМ изработени од страна на домашни или странски организации или институции;
5. Увид во пресудите донесени од ЕКЧП;
6. Законодавните активности во РСМ;
7. Информации од јавен карактер добиени од институциите.

Повредите на човековите права во овој Извештај се документирани користејќи описен метод со детален приказ на фактичката состојба, при што личните податоци на наведените извори се соодветно заштитени. Како повреда на човеково право се подразбира секое дејствие, пропуштање дејствие, постапка, политика или пропис што го попречуваат остварувањето на основните човекови слободи и права дефинирани и загарантирани со Уставот на РСМ.

Ефикасноста на правните средства се анализира преку следење статистички податоци за работата на институциите што имаат надлежност во заштитата на човековите права, правна анализа на нивните одлуки, како и преку користење на методот студија на случај. Овој метод овозможува преку анализа на конкретен случај, за кој е обезбедена правна помош во рамките на активностите на МЗМП, да се утврди ефективноста на правните средства

во практиката. При селекцијата на случаи што се анализираат, користени се следниве критериуми: да бидат засегнати поголем број граѓани со проблемот и проблемот веќе да биде забележан, како и да постојат факти и докази што укажуваат на повреда на човековото право. Со овој метод, фокусот се става на следниве елементи од случаите: 1. Контекстот, односно опкружувањето во кое настанал случајот, 2. Фактичката состојба, 3. Релевантните и важечки правни норми што го уредуваат прашањето, 4. Расположливите правни средства во поединечната ситуација, нивната правна уреденост и искуствата од поведените постапки, 5. Правни прашања што ги отвора случајот и постапувањето на судовите.

Временскиот период опфатен со извештајот е од 1 јануари 2021 до 30 ноември 2021 година.

## ЗА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РСМ

Човековите права претставуваат основни права и слободи што му припаѓаат на секое лице во светот еднакво, од раѓањето, па сè до смртта. Тие се гарантираат, без оглед на тоа од каде доаѓа едно лице, во што верува или како избира да го живее својот живот. Тие никогаш не може да бидат одземени, а се темелат врз заеднички вредности, како што се достоинство, непристрасност, правичност, еднаквост, почит и независност. Овие права се гарантирани со многубројни национални и меѓународни инструменти.

Основните права и слободи, како и владеењето на правото се темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија. Како највисок правен акт на државата, Уставот дефинира листа на слободи и права[2], а со ратификуваните меѓународни договори[3], како дел од внатрешниот правен поредок, се дава можноста за вклучување дополнителни слободи и права што не се предвидени во Уставот.

Заштитата на слободите и правата се остварува преку гаранциите на основните слободи и права[4]. Основната гаранција што ја предвидува Уставот е можноста за заштита пред судовите и Уставниот суд на РСМ во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.

Останатите гаранции за заштитата на човековите права што ги предвидува Уставот вклучуваат и судска заштита на законитоста на поединечните акти и активно запознавање на граѓаните со нив. Покрај овие гаранции, заштитата се остварува по пат на почитување на принципот на владеење на правото (уставност, законитост, јавно објавување на законите, период *vacatio legis*, забрана за ретроактивно дејство на прописите, како и независна и

2 Види член 118 од Уставот на РСМ.
3 Утврдени со членовите 50-54 од Уставот на РСМ.
4 Утврдени со членовите 50-54 од Уставот на РСМ.

самостојна адвокатура).

Ограничувањето на слободите и правата е единствено дозволено во случаи утврдени со Уставот или за време на воена и вонредна состојба, но и во овој случај само на начин утврден со Уставот.
Покрај заштитата пред судовите, Уставот го воспоставува и Народниот правобранител на РСМ, како посебен орган што ги заштитува уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања. Согласно Уставот, воспоставена е Постојана анкетна комисија во рамките на Собранието на РСМ, која има цел да ги заштитува слободите и правата на граѓаните.

# ДЕЛ 1: ДОКУМЕНТИРАНИ ПОВРЕДИ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

## ПРАВА ПОВРЗАНИ СО ЖИВОТОТ, ТЕЛОТО И ЛИЧНОСТА

Уставот на Република Северна Македонија ги гарантира правото на живот и неприкосновеност на физичкиот и моралниот интегритет. Согласно член 10 од Уставот, животот на човекот е неприкосновен и државата не може да изрече смртна казна по ниту еден основ. Физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени. Се забранува секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување. Се забранува присилна работа.[5]

### Усогласување на Кривичниот законик со Истанбулската конвенција

Кон крајот на јули 2021 година, до Собранието[6] беше поднесен предлог-законот за измени и дополнување на Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Откако беше објавен текстот на предлог-законот, Македонското здружение на млади правници, како членка на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, даде свој придонес во разгледување на предлог-измените, кои се однесуваат на усогласување на постојните законски одредби со Истанбулската конвенција.[7]

Со законските измени и дополнувања се предлагаат три нови кривични дела: 1. Осакатување на женски полови органи, 2. Демнење и 3. Полово вознемирување. Покрај воведувањето нови кривични дела, останатите измени се однесуваат на висината на казните, начинот на гонење на

5 https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf
6 https://akademik.mk/zakonskite-novini-vo-krivichniot-zakonik-podneseni-vo-sobraniska-protsedura/
7 Истанбулска конвенција за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство, ратификувана од РСМ во 2018 година.

сторителите и во делот на отежнувачките околности под кои се сторени кривичните дела.[8] Во предлог-измените на Кривичниот законик, покрај постојната отежнувачка околност за сторување на кривичното дело – убиство при вршење семејно насилство, како отежнувачка околност се предвидува и родово базираното насилство во насока на опфаќање и на фемицидот – убиство на жена само поради тоа што е жена.

Присуството на фемициди во РСМ е видливо од билтените на МВР, согласно кои во 2020 година се регистрирани 4 фемициди. Во 2021 година, согласно денот на издавање на овој Извештај, се забележува зголемување на бројот на фемициди, односно регистрирани се 4 сторени кривични дела – убиство при вршење семејно насилство, додека, пак, еден случај е евидентиран како обид за убиство при вршење семејно насилство.[9]

## Нов закон за спречување од насилство врз жените и семејното насилство

Собранието на РСМ донесе сосема нов Закон за спречување од насилство врз жените и семејното насилство, кој започна да се применува во мај 2021 година. Со овој Закон за првпат се препознава семејното насилство како родово базирано насилство и се предвидуваат обврски на надлежните институции во постапките за родово базирано и семејно насилство да постапуваат итно и со должно внимание на интересите и потребите на жртвите, да ги заштитат и да се грижат за реинтеграција на жртвите преку препознавање на жртвите како посебна ранлива категорија и преку развивање програми и мерки за помош и поддршка врз основа на нивните потреби.

Со донесувањето на овој закон значително се подобрува институционалната и сеопфатната поддршка на жртвите на родово базирано насилство, имајќи ја предвид можноста судот по предлог на Министерството за внатрешни работи и полицискиот извештај без да одржи рочиште да одлучи за изрекување итна мерка за заштита – отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот со ефикасно обезбедување заштита на жртвите и со отстранување на сторителот од домот на жртвата.

## Продолжување на трендот за родово базирано вознемирување и насилство преку интернет

Една година по бришењето на групата „Јавна соба“ во 2020 година, креирана на платформата Телеграм, преку која се споделуваа порнографски слики, видеоматеријали, имиња, телефонски броеви и профили од социјални мрежи на девојчиња и жени ширум државата, таа во 2021 година повторно заживеа, а со тоа продолжи да се практикува родово базираното насилство врз жени

8 https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=61439
9 Резултати од пребарувањето за „убиство“ – ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (jorm.gov.mk)

и девојчиња[10]. За формираната група во 2020 година, обвинителството поднесе обвинителен акт против две лица што се товарат за кривично дело – производство и дистрибуција на детска порнографија, додека, пак, за втората формирана група „Јавна соба“, предметот е во предистражна постапка и се водат постапки пред неколку јавни обвинителства во државата (Велес, Битола, Кавадарци, Прилеп).[11]

## Пријавени над 20 кривични дела против половата слобода и половиот морал

Присуството на кривичните дела против половата слобода и половиот морал се регистрира во дневните билтени на МВР. За 2021 година, регистрирани се вкупно 29 кривични дела против половата слобода и половиот морал. Од вкупниот број пријави, 17 пријави се однесуваат на деца жртви, додека, пак, 11 пријави се однесуваат на жени жртви. Во еден од случаите, како жртва се јавува лице од машки пол.[12] Кога станува збор за постапување со деца жртви на кривични дела против половата слобода и половиот морал, потребно е да се потенцира потребата од сензибилизација на вработените од надлежните институции (Министерството за внатрешни работи и Центарот за социјални работи), кои доаѓаат во прв контакт со детето жртва. Покрај сензибилизацијата, потребно е да се стандардизираат капацитетите за работа со деца жртви во полициските станици од општа и посебна надлежност. Македонското здружение на млади правници изврши увид во 9 полициски станици од општа надлежност во државата, од кои две од Скопје и седум од останатите градови во државата. Од извршените увиди, во три полициски станици воопшто нема посебна просторија за разговор со деца жртви, во пет полициски станици има по една просторија за работа со деца жртви, а за една полициска станица нема податок.[13] Дополнително, потребно е од страна на судот да се почитуваат сите законски одредби предвидени во Законот за правда за децата, а кои се однесуваат на заштитата на децата како жртви на кривични дела, посебните права на процесна заштита, како и посебните мерки за процесна заштита на деца жртви и деца сведоци. Високиот број на деца жртви на кривични дела против половата слобода и половиот морал ни укажува на потребата од едукација на децата во образовниот систем, која ќе доведе до превенција и намалување на бројот на деца жртви на сексуално насилство.

10 https://mvr.gov.mk/vest/14549
11 https://jorm.gov.mk/podneseno-obvinenie-za-kreatorot-i-administratorot-na-grupata-%D1%98avna-soba/
12 https://mvr.gov.mk/izvadok-od-dnevni-nastani/2229
13 https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2021/09/izveshtaj-za-sostojbite-i-uslovite-vo-policiskite-stanici-vo-republika-severna-makedonija.pdf стр. 43

## ЗАШТИТА ОД ТОРТУРА И НЕЧОВЕЧКО ИЛИ ПОНИЖУВАЧКО ПОСТАПУВАЊЕ

Забраната за тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување е апсолутна. Таа е императивна норма предвидена во членот 3 од Европската конвенција за човекови права, како и во многу други договори и истовремено претставува и *jus cogens* норма што е обврзувачка за сите држави. Ваквиот карактер на забраната наметнува позитивна обврска за преземање соодветни мерки за превенција од појава на какви било дејствија на тортура и друг вид сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Забраната за тортура и нечовечко или понижувачко постапување се применува во случаи на вонредна, воена или каква било друга состојба на политичка нестабилност. Станува збор за право од апсолутна природа за кое е потребно да го гарантира државата и да спроведе ефективни мерки за заштита од тортура и нехуман или понижувачки третман на кое било лице и во услови на пандемија.

### Институционални капацитети за борба со тортурата и нехуманиот третман

Со цел подобрување на механизмите за следење и откривање случаи на злоупотреба на службената положба на полициските службеници, како и затворската полиција, во 2019 и 2020 година беа направени значителни законски измени[14]. Пред сè, целта на ваквите системски измени е зголемување на довербата на граѓаните во системот и механизмите за пријавување тортура и нехуман третман извршени од страна на полициски службеници или припадници на затворската полиција. Измените во законите се во насока на зајакнување на системот за надворешна контрола на работата на полицијата и спроведување ефективна истрага во случаи на неоснована примена на сила од полициски службеници или затворска полиција. Она што може генерално да се напомене две години по реформите е дека почетоците се добри, но сè уште имаме нецелосно воспоставени тела во рамките на значајни институции што работат со помали капацитети. Во оваа насока, нема доволен број истражители во рамките на посебното одделение што е формирано во рамките на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција[15], а тоа влијае врз ефективноста на работата по самите предмети. Во рамките на Народниот правобранител, посебниот механизам за граѓанска контрола на работата на полицијата[16] функционира без претставници на граѓанскиот сектор[17], иако од страна на Собранието се избрани претставници на невладиниот сектор. Нема

14 Закон за Народниот правобранител, Закон за внатрешни работи, Закон за полиција, Закон за јавното обвинителство, Закон за судовите.
15 Член 14, Закон за јавно обвинителство објавен во „Службен весник“ број 42/20 од 16.2.2020 година.
16 Закон за Народниот правобранител, објавен во „Службен весник“ број 60/03,114/09, 181/16, 189/16 и 35/18.
17 Одлука на Собранието на РСМ за избор на здруженија од областа на човековите права, полициското право и правосудството на Народниот правобранител – механизам за граѓанска контрола бр. 08-6985/1 од 23 декември 2019 година (Здружение за кривично право и криминологија, Хелсиншки комитет за човекови права и Македонско здружение на млади правници).

напредок во ваквата соработка, и покрај тоа што во 2021 година е избран нов Народен правобранител.

Во затворскиот систем е пристапено кон воведување т.н. систем на обвинител плус, преку кој се предвидува обврска за казненопоправните установи, воспитно-поправните установи или Управата за извршување на санкциите, по добиено сознание за постоење основи за сомневање дека припадник на затворската полиција сторил кривично дело при преземање службено дејствие или вон службата, без одлагање да го известат Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција[18].

Во 2021 година е донесена нова Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2021-2025) со која се предвидуваат значајни стратешки цели за подобрување на условите во затворите, како и на третманот на осудените лица.

## Пријави на лица што се соочиле со тортура и нехуман третман од страна на полициски службеници или припадници на затворската полиција

Во првите три месеци од 2021 година[19], Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди регистрирал 14 претставки во кои граѓаните се жалат на примена на сила од страна на полициски службеник. По преземањето активности, Одделот за внатрешна контрола утврдил дека во 6 предмети примената на сила била оправдана или воопшто немало употреба на сила, во 7 случаи немало доволно докази за тврдењата и само за една претставка одлучил дека се основани, за што се поднесени кривични пријави против две лица за делото – малтретирање во вршење на службата. Од страна на Одделот за внатрешна контрола се поднесени 8 кривични пријави против 18 вработени за сторени 7 кривични дела, од кои две се однесуваат на кривичното дело – малтретирање во вршење на службата.

Во периодот од октомври 2020 до август 2021 година се поднесени 5 претставки од граѓани за тортура и нехуман третман од страна на полициски службеници до Народниот правобранител[20] и 10 претставки за тортура и нехуман третман од страна на припадници на затворската полиција. Народниот правобранител поднел 5 кривични пријави до специјализираното Одделение за гонење на кривични дела извршени од полиција или затворска полиција при ОЈО за гонење на организиран криминал за делото – малтретирање во вршење на службата и сите се однесуваат на полициски службеници.

---

18 Закон за извршување на санкциите објавен во „Службен весник" број 99/2019 на 21.5.2019 година.
19 Извештај на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди за првите три месеци од 2021 година, достапен на https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/%D0%98%20%D0%97%20%D0%92%20%D0%95%20%D0%A8%20%D0%A2%20%D0%90%20%D0%88.pdf
20 Податоци добиени по пат на слободен пристап до информации од јавен карактер.

До Управата за извршување на санкциите веќе три години не е поднесена претставка за тортура и нехуман третман од страна на осудено лице. Во 2020 година се поднесени 35 претставки, од кои ниту една за нехуман третман на осудени лица од страна на затворската полиција. Во 2019 година се поднесени 62 претставки до Управата за извршување на санкциите, вклучувајќи 3 поплаки за нехуман третман. Во сите случаи беше спроведен вонреден надзор, кој ги потврди индициите за злоупотреба на службената положба во еден случај, но дисциплинската комисија утврди дека нема основ за одговорност на припадникот на затворската полиција[21].

Во судска постапка се регистрирани вкупно 13 предмети за кои е во тек или е донесена пресуда за кривичното дело – малтретирање во вршење на службата. За 7 предмети постапката сè уште е во тек, во 4 предмети е донесена пресуда за изрекување алтернативна мерка – условна осуда, во 1 предмет е изречена затворска казна и во еден предмет е донесена ослободителна пресуда. Најголем дел од оформените предмети се однесуваат на кривичното дело – малтретирање во вршење на службата[22]. Ова е позитивна практика во споредба со кривичните пријави во 2019 година, бидејќи најголемиот број се за кривичното дело – злоупотреба на службената положба и овластување.

Статистичките податоци за 2021 година покажуваат дека практиката на пријавување на предметите за полициска бруталност, како и бројот на поднесените кривични пријави од страна на Одделот за внатрешна контрола при МВР не се разликуваат особено од оние за 2020 и 2019 година. Тоа покажува дека и покрај зголемениот број предмети за кривичното дело – малтретирање во вршење службата, системските недостатоци во врска со пријавувањето на тортурата и полициската бруталност сè уште постојат. Најголем дел од претставките за тортура и нехуман третман се отфрлени поради немање доволно докази. Од друга страна, случаите на полициска бруталност за кои постои видеодокументација и кои се достапни за јавноста се проследени со брза и ефективна реакција на надлежните, која во најбрз временски период резултира со поднесување кривични пријави против сторителите.

**Полициска бруталност врз лица од ромска националност**

На 24.9.2020 година, на социјалните мрежи и на платформата Јутјуб се појави видеоснимка[23] од Битола на која може да се забележи примена на сила на полициски службеник, припадник на сообраќајната полиција, врз лица од ромска националност.

Настанот веднаш е пријавен од страна на лицата во Одделот за внатрешна контрола, при што по распитот на петтемина оштетени, од страна на Одделот

21 Progress report for North Macedonia for 2019.
22 Податоци добиени по пат на слободен пристап до информации од јавен карактер од Кривичниот суд Скопје за кривични дела – малтретирање во вршење на службата и злоупотреба на службената должност.
23 Видеоснимката е објавена на Јутјуб од корисник со назив „Dosie Mk".

за внатрешна контрола е поднесена кривична пријава за еден полициски службеник до специјализираното Одделение за гонење на кривични дела извршени од полицијата или затворската полиција при ОЈО за гонење на организиран криминал. Дополнително, од страна на МЗМП е поднесена кривична пријава против тројца полициски службеници за кривични дела: мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување[24], малтретирање во вршење на службата[25], непријавување кривично дело или сторител[26] и расна и друга дискриминација[27].

**Основниот кривичен суд Скопје на 28.10.2021 година донесе пресуда со која го прогласи обвинетиот Г. П., униформиран полициски службеник вработен во СВР Битола, за виновен и го осуди на казна затвор во траење од една година.**

Оваа пресуда е од големо значење поради тоа што е меѓу првите првостепени пресуди каде што се изрекува ефективна казна затвор за полициски службеник поради употреба на прекумерна сила кон оштетено лице за кривичното дело – малтретирање во вршење на службата, член 143 од Кривичниот законик. Досегашната судска практика е изрекување условна осуда за полициски службеници дури и кога е утврдена употреба на прекумерна сила при пречекорувањето на полициските овластувања.

## Пријавување тортура и нехуман третман во казненопоправните и воспитно-поправните домови

Казненопоправните и воспитно-поправните домови во 2021 година генерално беа отворени за посети за осудени лица. Од страна на МЗМП и Хелсиншкиот комитет за човекови права се остварени последователни посети во поголемите затвори. Последователните теренски посети беа спроведени во 4 казненопоправни установи во кои беа забележани најголем број недостатоци за време на претходните посети, како што се КПД Куманово, КПД Штип, КПД Тетово и КПД Идризово[28].

Во изминатите три години, Управата за извршување на санкциите не добила поплака од страна на осудено лица за примена на тортура и нехуман третман од страна на затворската полиција. Според тоа, ниту Управата за извршување на санкциите или, пак, казненопоправните установи не стапиле во контакт со Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција.

Во овој период до МЗМП и до Хелсиншкиот комитет за човекови права четири осудени лица пријавија дека се соочиле со тортура и нехуман третман

24 Чл. 142 ст. 2 од КЗ.
25 Чл. 143 од КЗ.
26 Чл. 364 ст. 1 од КЗ.
27 Чл. 417 ст. 1 од КЗ.
28 shorturl.at/jmsG4

од страна на припадници на затворската полиција за време на издржување на казната затвор. Предметите се пријавени до надлежните институции за водење постапки против сторителите.

За осудено лице со попреченост, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди директна продолжена дискриминација врз основа на попреченост и повреда на правото на еднаквост и нееднаков третман при уживањето на правата на здравствена заштита од примарно, секундарно и терцијарно ниво при издржувањето затворска казна извршена од страна на КПД Идризово Скопје. Продолжената дискриминација се смета за потежок облик на дискриминација[29].

Во затворот Куманово проблем е недостигот на вода. Со помош на компанија што се наоѓа во близина, установата делумно го решила овој проблем, така што во затворот моментално има вода само во заедничките тоалети, но не и во собите. Поради ова, хигиената е на многу ниско ниво, а речиси од сите простории се шири непријатна миризба, што е особено проблематично во услови на пандемија предизвикана од вирусот КОВИД-19. Има и поплаки од осудени лица дека немаат ниту питка вода.

За време на посетите, увидено е дека во казненопоправната установа, просториите наменети за дисциплинска казна самица се користат за сместување и на повеќе осудени лица поради недостиг на простории за сместување на лицата. Дури и за осудени лица што се заболени од вирусот КОВИД-19, кога се ставаат во изолациона просторија, условите за сместување не треба да бидат под стандардите на КПТ во однос на разумната големина на просторијата, природната светлина, вентилацијата, чистиот душек, ќебињата и слично.

Како најгорливи проблеми во пенитерцијарниот систем и натаму остануваат пристапот до здравствената заштита, образовниот процес и процесот на ресоцијализација на осудените лица, необучените раководни и стручните кадри во казненопоправните установи и неефикасните внатрешни и надворешни механизми за пријавување и гонење случаи на тортура и нечовечко постапување спрема осудените лица.

29 Линк од соопштението на МЗМП: https://cutt.ly/eYoMfRi

Минималните стандарди за заштита на правата на децата се поставени со Конвенцијата на Обединетите нации за правата на децата[30].На домашно ниво, заштитата на децата е гарантирана со Уставот на државата и повеќе закони, меѓу кои најзначајни се Законот за заштита на децата, Законот за правда на децата, Законот за семејство, како и законите за основно и средно образование.

Минималните стандарди за заштита на правата на децата упатуваат на тоа дека дете е секое лице до навршување 18-годишна возраст, како и дека основен принцип од кој се поаѓа при секоја активност што се спроведува за, или во врска со детето е најдобриот интерес на детето. Овој принцип е инкорпориран во Законот за правда на децата, Законот за семејството и Законот за основното образование.

Обврската за почитување на правата на детето се однесува на сите, вклучувајќи ги родителите, старателите, наставниците, воспитувачите, но обврската за гарантирање дека правата на децата се почитуваат и за гарантирање на заштита на правата на децата и припаѓа на државата.

**Имплементација на принципот на најдобар интерес на детето**

Иако принципот на најдобар интерес на детето е воведен со Конвенцијата за правата на детето и е опфатен со неколку закони што се во сила, сепак се забележува нееднаков третман на овој принцип поради недостигот на унифицирани законски критериуми за негова примена. Како резултат на тоа и во 2021 година во МЗМП беа пријавени случаи на постапување во врска со, или за децата, во кои овој принцип не беше целосно почитуван во духот на неговото значење.

Од страна на Народниот правобранител, чиј мандат опфаќа и следење и заштита на правата на децата, во 2021 година беа издадени соопштенија и апели за почитување на принципот на најдобар интерес и заштита на детето преку невклучување деца во спотови и други материјали наменети за предизборни кампањи и посветување внимание при вклучувањето на децата во протести. Народниот правобранител, исто така, во свој допис, кој се однесува на правото на еднаков пристап до образование за сите деца, ја потенцира обврската за обезбедување на неопходната опрема за

30 Конвенција на Обединетите нации за правата на децата, донесена во 1989 година, а ратификувана од РСМ во 1993 година.

најмаргинализираните и најисклучените деца.[31]

Во иднина, неопходно е да видиме соодветно разбирање и имплементација на најдобриот интерес на детето од страна на сите овие чинители, како и преземање соодветни мерки за вклучување обврска за следење на критериумите утврдени со Општиот коментар бр. 14 во сите закони и подзаконски акти со кои се регулираат правата на детето.

**Потребен зајакнат систем на утврдување на потребите и доделување образовни асистенти на децата со ПОП**

Министерството за образование и наука, во обид да ги растовари родителите на децата со ПОП во однос на ангажирање и плаќање посебни образовни асистенти за своите деца, за учебната 2021/2022 година предвиде систем на образовни асистенти во училиштата, кои ќе бидат платени од буџетот.[32]

Во рамките на отворената линија за бесплатна правна помош добивме повеќе поплаки од страна на родители, кои се жалат дека не можат ниту да го исполнат својот дел од обврската – да го однесат детето пред Комисијата за процена по МКФ и да добијат соодветна оцена, бидејќи воопшто не можеле да добијат датум за процена. Ова е проблем за организирање на образовниот процес на детето во училиште, бидејќи мислењето на Комисијата е основ по кој училиштето обезбедува образовен асистент.[33] Резултатот од ова се разликува во секое училиште – некои училишта дозволувале родителите повторно да ги ангажираат асистентите од претходната година, но некои инсистирале на обезбедување на документот за организирање на образовниот процес на детето.

Родителите повторно истакнуваат дека решението со образовните асистенти треба да се зајакне поради тоа што е невозможно еден образовен асистент да биде истовремено одговорен за две или повеќе деца.

Во одговор на изјавите на родителите, МОН во септември 2021 година издаде соопштение во кое истакна дека извештајот на МКФ не е услов за упис во училиште, а ангажирани се двојно повеќе образовни асистенти отколку минатата година.[34] Сепак, иако формално решението е постигнато и децата се запишани во училиште, родителите и децата наидуваа на

31 http://ombudsman.mk/%D0%9F%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B0/%D0%9D%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8/%D0%A1%D0%9E%D0%9E%D0%9F%D0%A8%D0%A2%D0%95%D0%9D%D0%98%D0%95_%D0%9D%D0%90_%D0%9D%D0%90%D0%A0%D0%9E%D0%94%D0%9D%D0%98%D0%9E%D0%A2_%D0%9F%D0%A0%D0%90%D0%92%D0%9E%D0%91%D0%A0%D0%90%D0%9D%D0%98%D0%A2%D0%95%D0%9B_%D0%97%D0%90_%D0%9F%D0%9E%D0%A7%D0%95%D0%A2%D0%9E%D0%9A%D0%9E%D0%A2_%D0%9D%D0%90_%D0%9D%D0%9E%D0%92%D0%90%D0%A2%D0%90_%D0%A3%D0%A7%D0%95%D0%91%D0%9D%D0%90_%D0%93%D0%9E%D0%94%D0%98%D0%9D%D0%90,_01.09.2021,_%D0%A1%D0%9A%D0%9E%D0%9F%D0%88%D0%95.aspx
32 https://www.radiomof.mk/kako-obrazovnata-asistencija-i-inkluzijata-da-stanat-realnost-za-decata-so-neti-pichen-razvoj/
33 https://www.radiomof.mk/shkolskata-godina-za-nekoi-od-netipichnite-deca-zapochna-bez-obrazoven-asistent/
34 https://www.radiomof.mk/mon-angazhirani-obrazovni-asistenti-ima-rechisi-dvojno-povekje-a-izveshtajot-od-mkf-ne-e-uslov-za-upis-vo-uchilishte/

ситуации во кои наставните тимови не беа во состојба да направат целосно вклучување на децата во образовниот процес, што резултира со целосно или делумно исклучување на децата од средината – издвојување во посебна клупа, обврски на родителите да го земаат детето по само два часа поминати на училиште и сл.

## Повреда на правото на еднаков пристап до образование

Преку својата работа на терен[35], МЗМП регистрираше случаи во кои во текот на второто полугодие од учебната 2020/2021 година, децата не можеа да ја следат онлајн наставата поради немање соодветна опрема, односно интернет и компјутер, таблет или мобилен телефон. Во одредени семејства се случуваше само едно дете да може да ја следи наставата, бидејќи семејството имало само еден уред.

Регистрирани се и случаи на деца што воопшто не одат на училиште поради попреченост, немање финансии и неинформираност на родителите.
Училиштата започнаа со работа со физичко присуство од септември 2021 година и според официјално соопштение на УНИЦЕФ, Македонија го забележува најдолгото затворање на училиштата за учење со физичко присуство, при што мнозинството ученици посетуваа настава на далечина вкупно 54 недели. Овој број е значително повисок од просекот од 25 недели во регионот на Европа и на Централна Азија.[36]

## Врсничко насилство и онлајн врсничко насилство

Во текот на 2021 година се регистрирани случаи на врсничко насилство што биле пријавени во соодветните полициски станици. Од билтените со дневни извештаи на Министерството за внатрешни работи може да се заклучи дека насилството помеѓу малолетници е присутно насекаде.

Онлајн насилството, како и онлајн врсничкото насилство се исто така присутни. Особено е застрашувачко онлајн објавувањето видео и фотоматеријали на штета на малолетници, кое го има ефектот на случајот „Јавна соба“.

Оттука, неопходно е да се креираат програми и активности за промена на ставовите и однесувањата на учениците, но и поттикнувањето на родителите, наставниот кадар и сите лица што на каков било начин се обврзани за грижа на деца да влијаат врз намалувањето на причините што водат до насилство помеѓу децата. Кон ова особено внимание треба да се посвети на психичкото насилство, задевањето, исмевањето, исклучувањето од групата, кои се „невидливи“, не се пријавуваат и не се препознаваат како насилство од страна на учениците, а претставуваат проблем и товар со кои

35 Во текот на 2021 година, МЗМП имаше свои мобилни тимови во Скопје, Штип, Битола и во Прилеп преку кои овозможуваше правна и социјална поддршка на деца и семејства со деца во ризик.
36 shorturl.at/qAEW6

тие секојдневно се соочуваат.

Дополнително на ова, неопходно е преземање мерки за навремено и ефективно решавање на случаите и казнивост на сторителите поради постоење страв од одговорност за личните постапки, како и мерки за поттикнување на жртвите да ги пријавуваат ваквите случаи.

## ПРАВО НА ЕДНАКВОСТ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Правото на еднаквост и заштита од дискриминација во РСМ се гарантираат со Уставот, посебниот Закон за спречување и заштита од дискриминација, одредбите на ЗСЗД од други закони и меѓународните договори.

Во февруари 2021 година, по речиси година и половина, се формира Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација.[37] Во текот на 2021 година, Комисијата постапуваше по претставки и иницијативи на граѓански организации, но исто така даваше и свои мислења во однос на тековни случувања.[38] Започнувањето на Комисијата со работа беше обележано со недостиг на соодветни услови за работа и со повлекување на еден од членовите од Комисијата. И покрај објавениот јавен оглас за пополнување на испразнетото место, Комисијата сè уште работи во нецелосен состав.[39]

МЗМП ги следеше мерките што се преземаа како одговор од државата против КОВИД-19 и забележа повреда на правото на еднаквост поради непостоење законски основ за воведување обврска за покажување сертификат за вакцинација.

### Повреда на правото на еднаквост со мерката на Владата за задолжително приложување сертификат за вакцинација против КОВИД-19

Во август 2021 година, Владата на Република Северна Македонија донесе мерка со која се бара поседување и извршување потврда за извршена имунизација против вирусот SARS-CoV-2, најмалку прва доза вакцина, за влез во секаков вид објекти за настани од секаков вид.

МЗМП изготви правно мислење што беше пратено до надлежните во однос на законитоста на самата мерка и повредата на правото на еднаквост на граѓаните. МЗМП укажа на недостигот на законски основ во Законот за

37 https://kanal5.com.mk/sobranieto-izglasa-odluka-za-chlenovi-na-komisijata-za-sprechuvanje-i-zashtita-od-diskriminacija/a458065
38 https://www.facebook.com/kszd.mk
39 https://www.sobranie.mk/javen-oglas-za-izbor-na-clenovi-na-komisijata-za-sprecuvanje-i-zashtita-od-diskriminacija-2020.nspx

заштита на населението од заразни болести за изрекување ваква мерка и отстапувањето од начелото на законитост при ограничување на човековите права предвидено со ЕКЧП.

МЗМП изрази загриженост за повредата на правото на еднаквост и директната дискриминација по основ на личен статус (вакцинација). Иако легитимната цел на оваа мерка е неспорна – заштита на јавното здравје, останува оправдано прашањето за нејзината неопходност во едно демократско општество, особено поради тоа што не се применети други мерки, кои нема да ги доведуваат лицата во нееднаква положба (на пример, носење заштитни маски, ограничување на бројот на лица, задолжителен брз ПЦР-тест итн.). Имунизацијата против SARS-CoV-2 засега е на доброволна основа и не претставува дел од посебна програма за мерки и активности што Владата на предлог на Министерството за здравство ги донесува согласно членот 16 од Законот за здравствената заштита. Имајќи ја предвид оваа околност, се поставува прашањето дали ограничувањето на правата на лицата, кои ја користат можноста да изберат дали ќе се вакцинираат или не, е оправдано во ситуација кога притоа изборот на која било можност не претставува прекршување на веќе воспоставеното правно правило. Оправданоста на која било мерка за ограничување на уставно загарантираните права, вклучително и во овој случај, треба да биде заснована врз стручни анализи што би ја покажале неопходноста од воведување конкретна мерка во насока на ефикасно справување со проблемот или состојбата што е детектирана/ констатирана.

## Дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет

МЗМП, заедно со Коалицијата МАРГИНИ, поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација против неколку електронски портали што објавија, реобјавија и на Фејсбук споделија колумна со исклучително дискриминаторска содржина што изобилува со говор на омраза кон ЛГБТИ луѓето, која поттикна лавина од коментари со експлицитен/ јасно изразен говор на омраза.

Комисијата утврди вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет како форма на дискриминација и ги задолжи порталите и авторот да ја повлечат штетната содржина и да упатат јавно извинување и ветување дека нема да го повторат делото.[40]

40 https://mzd.mk/mk/reakcii-soopstenija/%d0%ba%d1%81%d0%b7%d0%b4-%d1%81%d0%be%d0%b4%d1%80%d0%b6%d0%b8%d0%bd%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d1%81%d0%be-%d0%ba%d0%be%d0%b8-%d0%bb%d0%b3%d0%b1%d1%82%d0%b8-%d0%bb%d1%83%d1%93%d0%b5%d1%82%d0%be-%d1%81%d0%b5/

## ПРАВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Правото на здравствена заштита е заштитено со Уставот на РСМ. Остварувањето на ова право е уредено и разработено во Законот за здравствена заштита[41], Законот за здравствено осигурување[42] и други прописи. Граѓанинот има право и должност да го чува и да го унапредува сопственото здравје и здравјето на другите. Со цел остварување на ова право, секој поединец има право на пристап до здравствени услуги што се потребни за заштита на неговото здравје. Пристапот до здравствената заштита мора да биде еднаков за сите, без дискриминација врз основа на финансиската состојба, местото на живеење, видот на болеста или времето што е потребно за пристап до здравствената заштита. Правото на пристап до здравствена заштита и натаму е предизвик со оглед на тоа што продолжи кризата предизвикана од вирусот КОВИД-19.

### Пристапот до здравствена заштита во услови на пандемија

Во текот на 2021 година, како и останатиот дел од светот, државата како носител на обврската за заштита на правото на здравје продолжи да презема мерки и да се справува со предизвиците на здравствениот систем, кој и без тоа е донесен на маргините.

Во текот на 2020 година, граѓанските организации побараа државата да воспостави правна рамка за утврдување на лекувањето поврзано со КОВИД-19, кое граѓаните го покриваат со лични средства во приватните здравствени установи според примерот на определениот максимален износ за плаќање учество со лични средства (партиципација) во јавното здравство во согласност со ценовникот на здравствени услуги на Фондот за здравствено осигурување, како и да се склучат договори помеѓу Фондот за здравствено осигурување со сите акредитирани лаборатории за ПЦР-тест за утврдување присуство на вирусот Sars-CoV-2 или да се овозможи покривање на трошоците, односно нивно рефундирање.[43]

Во 2021 година, државата повторно им овозможи на приватните лаборатории да остваруваат профит од спроведени тестирања за КОВИД-19. Општо познат е фактот дека голем дел од граѓаните што имале симптоми на коронавирусот не успеале да закажат термин за навремено тестирање за утврдување присуство на Sars-CoV-2. Според податоците на Институтот за јавно здравје на РСМ од 5.12.2021 година, од почетокот на спроведувањето на тестирањата за Sars-CoV-2 во државата се направени вкупно 1 485 944 тестови, од кои 658 980 тестови се направени од страна на приватните

41 http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2018/01/ZAKON-ZA-ZDRAVSTVENATA-ZASHTITA-zakluchno-so-br.-37-od-2016.pdf

42 http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/27.%20ZAKON%20ZA%20ZDRAVSTVENOTO%20OSIGURUVAWE%20pre-cisten%20do%20142%20od%202016.pdf („Службен весник на РСМ“ 142/16, 171/17 и 275/19).

43 https://myla.org.mk/2020/11/%d0%b4%d0%b0-%d1%81%d0%b5-%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%b2%d0%b8-%d0%ba%d1%80%d0%b0%d1%98-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%be%d1%84%d0%b8%d1%82%d0%b5%d1%80%d1%81%d1%82%d0%b2%d0%be%d1%82%d0%be-%d0%b2%d0%be-%d0%b2/#_ftn4

лабораторији, додека, пак, се претпоставува дека останатите 826 964 се направени без учество на лични средства, иако во рамките на овој број се вклучени 248 939 тестови спроведени од ИЈЗ – Вирусологија, за кои нема податок колку од нив се со учество на лични средства на граѓаните.[44]

Во април 2021 година, на 65-тата седница на Владата на РСМ се утврдени измените и дополнувањата на Законот за здравствена заштита со кои Министерството за здравство добива дополнителни овластувања во услови на кризна состојба прогласена со цел заштита на јавното здравје и прогласена епидемија или пандемија на заразна болест.

Со предложените измени се уредува и начинот на вршење здравствена дејност од страна на приватните здравствени установи при утврдено постоење кризна состојба со цел заштита на јавното здравје и прогласена епидемија или пандемија на заразна болест, а се овозможува и законско овластување за определување највисоки цени во приватните болници во висина на референтните цени утврдени од страна на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, за да има можност овие услуги да бидат еднакво економски достапни за сите граѓани, а со тоа ќе се заштитат јавното здравје и економските интереси на сите граѓани.[45] Донесени се измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита со кои се утврдуваат и глоби за приватните здравствени установи што ќе постапуваат спротивно на законот.[46]

Со измените на законот, на лицата што здравствените услуги за детекција на заразна болест (со ПЦР-метода или со примена на друга метода одобрена од Министерството за здравство) ги плаќаат со лични средства, овие здравствени услуги ги даваат по цена во висина на референтните цени утврдени од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Согласно Законот за здравствена заштита, Владата определува највисоки цени на здравствените услуги во висина на референтните цени утврдени од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. До денес, Владата не ги определила цените, односно не донела одлука или каков било акт, со што оваа законска одредба останува неприменета и услугите на приватните здравствени установи остануваат достапни само за ограничен број граѓани што имаат доволно финансиски средства.

44 http://iph.mk/wp-content/uploads/2021/12/5.12.pdf
45 https://vlada.mk/node/24874
46 Закон за здравствена заштита, член 281-в.

### Здравствена заштита на граѓани заболени од КОВИД-19

Во периодот на април 2021 година, во државата повторно доаѓа до нагло зголемување на бројот на новозаболени од КОВИД-19 и недостиг на места на клиниките за прием на пациенти што треба да бидат хоспитализирани, со што се наметнува прашањето за универзалното право на пристап до здравствена заштита, бидејќи лекувањето во приватните болници со превисоко поставените цени од нивна страна претставува привилегија за малкумина. Според статистиките во април 2021 година, конкретно на 9 април, бројот на активни случаи во РСМ достигнал до 22 485[47]. Според достапните статистички податоци за бројот на починати лица од КОВИД-19 на милион жители, објавени на интернет на 7.12.2021 година, РСМ е на четвртото место во светот по број на починати лица на милион жители.[48] За тоа кои се причините за високиот процент на смртност во државата не постои јасно образложение од надлежните.

## МЕРКИ НА ВЛАДАТА НА РСМ ПОВРЗАНИ СО КОВИД-19

Во 2021 година, Владата на РСМ продолжи со носење различни превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од КОВИД-19. Беа донесени мерки во однос на носењето заштитни маски, групирање, организирање јавни настани, мерки за работа на угостителските објекти и други мерки. Остана одлуката на Владата и на Министерството за образование и наука за одржување онлајн настава во училиштата и во текот на второто полугодие за учебната 2020-2021 година. Најкритикувана беше Одлуката на Владата од август 2021 година[49], со која се забрани влез во секаков вид објекти, вклучително и во угостителски објекти каде што има повеќе од 30 присутни посетители/гости/лица, за настани од секаков вид (прослава, веселба, свадба, роденден, крштевка, концерт, семинар, обука, работилница, конференција, културен или спортски настан) без поседување и приложување потврда за извршена имунизација против вирусот SARS-CoV-2, најмалку прва доза вакцина, почнувајќи од 16 август 2021 година. Мерката задолжително се применува и за организација, работа и присуство/учество и на секаков вид настани на отворен простор каде што има повеќе од 30 присутни посетители/гости/лица. Меката не се однесуваше за лица под 18-годишна возраст.

Наредената мерка неспорно го ограничи правото на неимунизираните (барем со една доза вакцина) за влез во објектите и настаните опишани во одлуката. Со примената на оваа мерка се навлезе во правото на почитување на приватниот и семејниот живот на граѓаните и во нивната слобода на движење.

47 https://www.worldometers.info/coronavirus/country/macedonia/
48 https://www.statista.com/statistics/1104709/coronavirus-deaths-worldwide-per-million-inhabitants/
49 Одлука на Владата на РСМ објавена на 9 август во „Службен весник на РСМ" бр. 179/21.

Заштитата на јавното здравје претставува неспорен и дозволен основ за ограничување одредени човекови права согласно Уставот и меѓународните договори за заштита на човековите права (пред сè, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и Европската конвенција за човекови права). Ова овластување не е неограничено и неопходно е ограничувањето да ги помине тестовите на законитост (пропишано со закон), легитимност (насочено кон остварување легитимна цел) и пропорционалност (пропорционално со целта, нужно и со ограничено времетраење).[50]

За конкретната мерка **отсуствува законски основ согласно Законот за заштита на населението од заразни болести поради тоа што видовите мерки што** Владата може да ги донесе, односно да ги нареди со цел спречување ширење и сузбивање заразни болести се предвидени и уредени *numerus clausus* со Законот[51]. ЗЗНЗБ предвидува затворена листа на мерки што може да се применат и не остава овластување или дискреција на Владата да предвидува нови мерки што не се предвидени со законот. Обврската за законитост бара Владата да ги наредува мерките на начини што се уредени со закон, без да навлегува во нивното преправање и коригирање. Со вака формулираната мерка, Владата ги има надминато своите овластувања како извршен орган и тоа ја доведува во прашање законитоста на самата одлука. Потребата од законска уреденост за овој вид мерки не е случајна, ниту, пак, е обичен израз на правен формализам. Таа произлегува од потребата да се спречат широките дискрециони овластувања на извршната власт.

Во одреден дел, мерката се коси со Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД). Со одлуката на Владата, лицата што не поседуваат потврда за имунизација и се над 18-годишна возраст се разликуваат, се исклучуваат и им се ограничува правото на пристап до кој било објект врз основа на нивниот личен статус (дискриминаторска основа), угостителски објект и определени настани, и со нив ќе се постапува понеповолно во однос на лицата што поседуваат потврда. Неспорна е легитимната цел на оваа мерка (заштитата на јавното здравје), меѓутоа останува оправдано прашањето за нејзината неопходност во едно демократско општество, особено поради тоа што не се применети други мерки, кои нема да ги доведуваат во нееднаква положба лицата (на пр. носење заштитни маски, ограничување на бројот на лица, задолжителен брз ПЦР-тест итн.).

Поради тоа што Одлуката остана во важност и сè уште се применува, во октомври на 112-та седница во врска со Протоколот за организирање настани во затворен простор (театри, кина, филхармонија и други), Владата дозволи зголемено присуство на публика до 50 % од капацитетот на салата и воведе и услов посетителите да бидат вакцинирани со две дози вакцина

50 Види периодичен извештај на Венецијанската комисија за мерките преземени од земјите членки како последица на кризата предизвикана од КОВИД-19 кризата и нивното влијание врз демократијата, владеењето на правото и основните права, усвоен во октомври 2020 г. (Пар. 14). CDL-AD(2020)018.
51 Види чл. 5, чл. 28 ст. 6, т. 4, чл. 28 ст. 8, чл. 55, чл. 57 и чл. 58 од ЗЗНЗБ.

против КОВИД-19.[52]

## ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРИВАТНОСТА

### Влегувањето во сила на новиот Закон за заштита на личните податоци

Законот за заштита на личните податоци беше донесен на 24 февруари 2020 година и влезе во сила на 24 август 2021 година, со што ефективно поминаа 18-те месеци предвидени во законот како период на усогласување. Македонското здружение на млади правници организираше советување за поддршка на невладините организации во врска со примената на законот, на кое присуствуваа над 200 претставници од граѓанските организации и од невладиниот сектор. Одговорите на прашањата поставени од страна на учесниците беа одговорени и доставени до учесниците.

Позитивен напредок во областа на заштитата на личните податоци е тоа што во 2021 година Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за ратификација на Протоколот за измена на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматска обработка на лични податоци.[53]

### Претставки на граѓаните во врска со заштитата на личните податоци

Во 2021 година, од вкупниот број претставки поднесени до Агенцијата за заштита на личните податоци, најголем дел се однесуваат на злоупотреба на личните податоци на социјалните мрежи. Во таа насока, Македонското здружение на млади правници во ноември 2021 година започна со спроведување на проектот„Твојата приватност е твоја слобода“ финансиран од АБА РОЛИ, чија цел е подигнување на свеста на средношколците за заштита на личните податоци на интернет и на социјалните медиуми. Проектот ќе се спроведува во 4 средни училишта, при што ќе се воспоставува и механизам за пријавување злоупотреби на личните податоци до надлежниот орган.
Останатиот дел до претставките се однесуваат на обработка на личните податоци преку системот за вршење видеонадзор, информирање за правата на субјектот на личните податоци и директен маркетинг.

52 https://vlada.mk/node/26838
53 Протоколот е усвоен во Стразбур на 10 октомври 2018 година, а потпишан е од Република Северна Македонија на 5 декември 2019 година.

Заштитата и унапредувањето на животната средина и природата е една од темелните вредности на македонското општество. Уставот на РСМ утврдил дека државата е должна да обезбеди услови за остварување на правото на здрава животна средина за секој граѓанин. Вака воспоставената обврска за државата се операционализира преку голем број македонски закони и подзаконски акти, но и преку меѓународни договори од области што ги ратификувало македонското Собрание.

## Државата сѐ уште се соочува со предизвици за заштитата на водите

Во текот на 2021 година беа забележани поголем број случаи на загадувања на реките и езерата во Северна Македонија.

Би можело да се каже дека реката Брегалница претставува црна еколошка точка во државата. Како и во 2020 година[54], забележани беа повеќе случаи на загадување на водата во реката. Неколку дена по судскиот процес за загадувањето на Брегалница,[55] во Делчево е забележано истекување на темносина, речиси црна течност, која се излева во реката преку канализацискиот канал од делот во кој се наоѓаат повеќе индустриски капацитети.[56] Спортските риболовци од Делчево информираа за загадување на Брегалница со непозната течност, која, според нивното мислење, излегува од ладилник што е во сопственост на делчевска млекара.[57] Загадување се забележува и во останатите реки во државата, меѓу кои се и Радика,[58] Вардар,[59] Кумановка,[60] Пена,[61] но и во каналите за наводнување во Кочани.[62] Во текот на 2021 година беше забележана зголемена активност на Државниот инспекторат за животна средина, а тоа резултираше со санкции за повеќе субјекти.[63]

54 Студија на случај: Побелените води на Брегалница, Македонско здружение на млади правници, 2021 година, достапно на: https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2021/07/studija-na-slucaj-bregalnica.pdf.
55 Ibid.
56 Реката Брегалница црвенее од човековата негрижа, достапно на: https://bit.ly/3G5oUXi.
57 Брегалница загадена со непозната течност, риболовци обвинуваат млекарница од Делчево, која ги отфрла обвинувањата, достапно на: https://bit.ly/3IefN8P.
58 Радика ја губи битката со загадувачите, достапно на: https://www.mkd.mk/makedonija/razno/radika-ja-gubi-bitkata-so-zagaduvachite-video.
59 20 илјади евра казна за испуштање мазут во Вардар – инспекторатот покренал 2 кривични пријави кон загадувачот, достапно на: https://mk.tv21.tv/20-iljadi-evra-kazna-za-ispushtane-mazut-vo-vardar-inspektoratot-pokrenal-2-krivichni-prijavi-kon-zagaduvachot/.
60 Известување на ДИЖС за активности за заштита на реката Кумановка, достапно на: https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=265406388761065&id=105140678120971.
61 Елези: Загадувањето на реката Пена носи голема опасност од ширење на болести, достапно на: https://meta.mk/elezi-zagaduvanjeto-na-rekata-pena-nosi-golema-opasnost-od-shirenje-na-bolesti/.
62 Известување на ДИЖС за активности за откривање загадувачи на канали за наводнување во Кочани, достапно на: https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=212822050686166&id=105140678120971.
63 Известување на ДИЖС за извршен вонреден инспекциски надзор во правниот субјект „Боров дол“, достапно на: https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=298535478781489&id=105140678120971.
Известување на ДИЖС за извршен вонреден инспекциски надзор во правниот субјект ДПТУ „Бучим“, достапно на: https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=301053911862979&id=105140678120971.
Известување на ДИЖС за извршен инспекциски надзор во правниот субјект ДПЕЕ „Индиго хидро Македонија“, достапно на: https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=302082741760096&id=105140678120971.

Управата за хидрометеоролошки работи ја претстави дигиталната платформа преку која во реално време ќе се следат податоците од мерните станици.[64] Дигиталната платформа очекувано ќе придонесе за полесен пристап до информациите поврзани со квалитетот на водите. Пристапот до квалитетни информации е неопходен услов за креирање ефикасни политики за заштита на водите, но и за следење на спроведувањето на постојните политики од страна на јавноста. Извештајот за напредокот на Македонија во 2021 година, изработен од Европската комисија, утврдува дека во државата недостасува систем за мониторинг на квалитетот и квантитетот на површинските и подземните води.[65]

## Аерозагадувањето, континуиран проблем во Македонија

Извештајот на Државниот завод за ревизија утврдува дека преземените активности во последните 3 години не ги постигнале утврдените цели и посакуваните ефекти во однос на намалувањето на загадувањето на воздухот. Надзорот и контролата за почитување на законските одредби е на ниско ниво, а сѐ уште се издвојуваат многу мал дел од буџетските средства на централно и локално ниво за реализирање на мерките содржани во планските документи.[66] Потребата од зајакнување на надзорот над извршувањето на законските одредби се потврдува и во случајот на увозот и горењето на отпадно масло, а за кое повеќе институции започнаа истраги.[67]

Извештајот за напредокот на Македонија во 2021 година, изработен од Европската комисија, како клучни проблеми во справувањето со аерозагадувањето ги утврдува ограниченото спроведување на законите, ограничените ресурси, слабата меѓусекторска соработка и координација помеѓу централната и локалната власт. Извештајот проценува дека аерозагадувањето во големите градови е сериозен проблем.[68] Исто така, мерните станици на МЖСПП покажуваат надминувања на концентрацијата на ПМ10 честички во воздухот во повеќе градови во државата.[69]

Со усвојувањето на Националниот акциски план за партнерство за отворена власт 2021-2023 година, Владата на РСМ се обврза дека во периодот од октомври 2021 до септември 2023 година, преку МЖСПП, ќе го зголеми бројот на мерни станици што се дел од државната мрежа за мониторинг на

64 Дигитална платформа за мерења и податоци што се користат за следење и процена на квалитетот на површинските води, достапна на: https://waterquality.uhmr.gov.mk/.
65 North Macedonia 2021 Report, Европска комисија, октомври 2021 година, достапен на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/north-macedonia-report-2021_en.
66 Конечен извештај за извршена ревизија на следење на препораките во конечниот извештај на овластениот државен ревизор на тема „Квалитет на воздух – кооперативна ревизија“, Државен завод за ревизија, јануари 2021 година, достапен на: https://dzr.mk/sites/default/files/2021-02/57_RU_Kvalitet_na_vozduhot_Follow_up_2020_0.pdf.
67 „Заговор против воздухот или како Македонија остана последната европска депонија“, ИРЛ, достапно на: https://irl.mk/zagovor-protiv-vozdukhot-ili-kako-makedonia-ostana-poslednata-evropska-deponia/
68 North Macedonia 2021 Report, Европска комисија, октомври 2021 година, достапен на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/north-macedonia-report-2021_en.
69 Скопје повторно е меѓу најзагадените градови во светот, Слободен печат, достапно на: https://www.sloboden-pecat.mk/skopje-povtorno-e-megju-najzagadenite-gradovi-vo-svetot/.

квалитетот на воздухот.[70]

## Нема целосно решение за депониите

Планот за управување со отпад во РСМ 2021-2031 година,[71] кој беше донесен во текот на 2021 година, утврдува дека голем дел од индустрискиот опасен отпад привремено се складира или се отстранува заедно со неопасниот отпад на нестандардни општински депонии, а тоа е практика што е забранета со закон. Државата сè уште нема основано депонија за опасен отпад, туку постојат 54 „официјални" општински депонии што не се во согласност со законот и планирано е нивно затворање и рехабилитација. Малите дисперзирани диви депонии што може да се најдат насекаде во земјата во близина на населените места се сериозен проблем со кој се соочува државата.[72] Извештајот за напредокот на РСМ во 2021 година, подготвен од Европската комисија, исто така го идентификува проблемот со нелегалните/нестандардните депонии како клучен проблем во заштитата на животната средина.[73]

Дрисла е единствената депонија во државата што поседува А-интегрирана еколошка дозвола, меѓутоа во нејзината дозвола има овластување за примање и третман на 22 шифри за опасен отпад, за кои депонијата нема соодветна инсталација за третман. Исто така, во дозволата не се опишани операциите, постапките, ракувањето и отстранувањето на опасниот отпад за овие шифри.[74]

МЗМП поведе постапка пред Основниот суд Струга против МЖСПП, Општина Струга и ЈП Комунално Струга поради непреземање мерки за справување со дивата депонија што подолг период постои во градот.[75] Во текот на 2021 година се одржаа повеќе судски рочишта, меѓу кои и рочиште за увид на самата депонија. Во ноември 2021 година, приговорите на тужените за ненадлежност на судот во Струга да одлучува за прашањето беа одбиени од судот со аргументација дека во ситуација кога ниту Законот за животната средина, ниту Законот за управување со отпад или кој било друг закон не предвидува изречна надлежност за решавање на конкретното барање од друг државен орган, предметниот суд е надлежен за постапување.

70 Национален акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023 година, достапен на: https://ovp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/07/NAP5-PARTNERSTVO-ZA-OTVORENA-VLAST-2021-2023-_-potvrden-od-Vlada-26.10.2021.pdf.
71 План за управување со отпад во РСМ 2021-2031 година, достапен на: https://bit.ly/3EnuB2r.
72 Известување на ДИЖС за извршен инспекциски надзор на депонијата Доброшници кај Струмица, достапно на: https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=233215145313523&id=105140678120971.
73 North Macedonia 2021 Report, Европска комисија, октомври 2021 година, достапен на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/north-macedonia-report-2021_en.
74 Известување на ДИЖС за извршен вонреден инспекциски надзор во ЈП „Депонија Дрисла", достапно на: https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=264154388886265&id=105140678120971.
Загадување на Скопје: Во Дрисла нелегално се носени и горени 26 видови опасен отпад, портал „Денешен", достапно на: https://denesen.mk/zagaduvanje-na-skopje-vo-drisla-nelegalno-se-noseni-i-goreni-26-vidovi-opasen-otpad/.
75 Поднесена тужба поради непреземање мерки за справување со дивата депонија во Струга, Македонско здружение на млади правници, достапно на: https://bit.ly/3G9gyhn.

Собранието на РСМ во септември 2021 година усвои 6 закони од областа на управување со отпадот со кои се очекува да се подобри состојбата.[76] Слично како и претходниот закон, покрај останатите одредби, Законот за управување со отпадот утврдува надлежност на Организационите единици во рамките на Центарот за развој на секој плански регион и градоначалниците за затворање на нестандардните депонии што не поседуваат дозвола за вршење на дејноста во рок од 3 години од влегувањето во сила на законот, односно најдоцна до септември 2024 година. Сепак, законот дозволува отпадот од општините да се одлага на овие нестандардни депонии, со исклучок на оние што со Планот за управување со отпад на РСМ 2021-2031 година се идентификувани како депонии со висок ризик, сè до основањето на регионалните депонии. Градоначалниците се задолжени во овој период да ги преземат сите неопходни мерки за најбезбедно работење на нестандардните депонии.[77] Проблематично е тоа што оваа одредба од законот е сместена во делот за преодни и завршни одредби, па поради тоа не е изречно предвиден инспекциски надзор над неговата примена, што евентуално може да доведе до нејзина несоодветна примена.

**Државата сè уште нема воспоставено систем за справување со контаминирани подрачја**

Според Планот за управување со отпад во РСМ 2021-2031 година,[78] во државата постојат 7 историски индустриски депонии, идентификувани како „жешки точки“.[79]

Во 2021 година, МЗМП го истражуваше излевањето на шествалентен хром од депонијата за шествалентен хром во Јегуновце што се случи во 2020 година, при што беа идентификувани системски недостатоци.[80] Проблемот сè уште не е целосно решен и претставува опасност од загадување.[81]
Во 2021 година, ДИЖС повеќе пати ја инспектирал „жешката точка“ во Лојане. Поради влијанието врз животната средина, почвата, водата и непријатната миризба во воздухот, ДИЖС доставил допис до МЖСПП за започнување активности за расчистување на отпадната јаловина, но „жешката точка“ сè

76 Известување на веб-страницата на МЖСПП, достапно на: https://bit.ly/3ojeiyd.
77 Закон за управување со отпад („Службен весник на РСМ“ бр. 216/21), член 139.
78 План за управување со отпад во РСМ 2021-2031 година, достапен на: https://bit.ly/3EnuB2r.
79 ОХИС (Хлорно-алкална постројка, постројка за линдан и депонија за HCH) – висок ризик; Лојане (поранешен рудник за хром, арсен и антимон) – висок ризик; Макстил (фабрика за железо и челик) – среден ризик; РЕК Битола (енергетска централа и рудник за јаглен) – среден ризик; Депонија со шествалентен хром во Јегуновце (поранешен Југохром) – среден ризик; МХК Злетово (ѓубрива) – низок ризик; РЕК Осломеј (енергетска централа и рудник за јаглен) – низок ризик.
80 Студија на случај: Загрозување на животната средина со излевање на шествалентен хром од поранешниот металуршки комбинат „Југохром“, Македонско здружение на млади правници, достапно на: https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2021/07/zagrozuvanje-na-zivotnata-sredina-so-sestvalenten-hrom-od-poranesen-jugohrom-studija-na-slucaj.pdf.
81 Сè уште не работи пречистителната станица во Јегуновце, пропаднал тендерот, портал: Слободен печат, достапно на: https://www.slobodenpecat.mk/se-ushte-ne-raboti-prechistitelnata-stanica-vo-jegunovce-propadnal-tenderot/.

уште не е санирана.[82]
Во 2021 година, по претходно одобрување на Планот за чистење[83], започна санирањето на малата депонија со линдан во рамките на ОХИС.[84]
Значајно е да се напомене дека државата и во 2021 година сè уште не воспостави ефикасен и системски механизам за справување со контаминираните подрачја. Иако Владата во декември 2020 година до Собранието на РСМ поднесе предлог-измени и дополнувања на Законот за животната средина со кои се предвидени одредби во оваа насока,[85] предложените измени сè уште не се донесени.

**Потребна е поголема заштита на Маврово**

По извршен инспекциски надзор на ДИЖС, утврдено е дека половина од инспектираните објекти не поседувале Елаборат за заштита на животната средина, а голем број угостителски објекти испуштаат отпадни води директно во Мавровското Езеро или во реката Радика.[86]

Во септември, ДИЖС извршил инспекциски надзор во Општина Маврово и Ростуше и во правниот субјект ДТТУ „Радика Резорт", при што утврдил повеќе недостатоци, меѓу кои и недостатоци во постапувањето на хотелот спротивно на Законот за водите.[87]

Селаните од Леуново, Никифорово, Маврово и Маврови Анови и сопствениците на викендички околу езерото со јавен протест побарале најмалку 2-годишен мораториум за градба околу езерото, изработување урбанистичка документација за целиот крајбрежен појас и селата околу езерото и зачувување на Националниот парк.[88] Претходно, градежните инспектори од Општината Маврово и Ростуше донеле решение за отстранување 9 типски објекти чија градба започнала без прибавено одобрение за градење.[89] Потребна е поголема посветеност на надлежните институции на централно и на локално ниво во спроведувањето на нивните

---

82 Известување на ДИЖС за инспектирање на рудник Лојане, достапно на: https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=274361761198861&id=105140678120971.
Известување на ДИЖС за инспектирање на рудник Лојане, достапно на: https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=275737637727940&id=105140678120971.
83 Владата го одобри планот за чистење на малата депонија со линдан во ОХИС, портал: Радио МОФ, достапно на: https://www.radiomof.mk/vladata-go-odobri-planot-za-chistenje-na-malata-deponija-so-lindan-vo-ohis/.
84 Известување на веб-страницата на МЖСПП, достапно на: https://bit.ly/3dhWltq.
85 Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина, достапен на веб-страницата на Собранието на РСМ на: https://www.sobranie.mk/materialdetails.nspx?materialId=41681efe-6cad-476d-86f1-babf2d548976.
86 Известување на ДИЖС за извршен вонреден инспекциски надзор, достапно на: https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=156318306336541&id=105140678120971.
87 Известување на ДИЖС за извршен инспекциски надзор, достапно на: https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=281119853856385&id=105140678120971.
88 Мавровчани побараа да се прекине градењето и да им се врати општината, портал: МКД.мк, достапно на: https://www.mkd.mk/makedonija/razno/spas-za-mavrovo.
89 И официјално: Општина Маврово и Ростуше донесе решение за уривање на деветте куќи под хотелот Радика, портал: МКД.мк, достапно на: https://www.mkd.mk/makedonija/razno/i-oficijalno-opshtina-mavrovo-rostushe-donese-reshenie-za-urivanje-na-devette-kukji.

законски надлежности заради целосна заштита на Маврово.[90]

**Потребно е унапредување на кривичноправната заштита на животната средина**

Во текот на 2021 година беа поднесени повеќе кривични пријави за сторени кривични дела против животната средина и природата.[91]

*Табела 1. Преглед на примени кривични пријави, обвинети и осудени лица*[92]

| | Број на лица против кои се примени кривични пријави за кривични дела против животната средина и природата | Број на обвинети лица за сторени кривични дела против животната средина и природата | Број на осудени лица за сторени кривични дела против животната средина и природата |
|---|---|---|---|
| 2017 година | 376 | 101 | 82 |
| 2018 година | 360 | 77 | 85 |
| 2019 година | 421 | 141 | 112 |
| 2020 година | 407 | 107 | 145 |

Мора да се напомене дека различни државни институции прикажуваат различни податоци кога станува збор за статистиката на обвинети и осудени лица за сторени кривични дела против животната средина и природата.[93]

Од расположливите податоци може да се заклучи дека постои голема разлика помеѓу примените кривични пријави, обвинетите и осудените лица за сторени кривични дела од оваа област, па затоа е неопходно зајакнување на кривичноправната заштита.

90 Проект Радика: Багерите на луѓе од ДУИ профитираат од зделката за спорните вили, Куртовски нема намера да руши, портал: ИРЛ, достапно на: https://irl.mk/proekt-radika-bagerite-na-lue-na-dui-profitiraat-od-zdelkata-za-spornite-vili-kurtovski-nema-namera-da-rushi/.

91 Кривични пријави против две лица од Струга поради загадување на животната средина и узурпација на недвижности, медиум: ТВ21, достапно на: https://mk.tv21.tv/krivichni-prijavi-protiv-dve-litsa-od-struga-poradi-zagaduvane-na-zhivotnata-sredina-i-uzurpatsija-na-nedvizhnosti/.

Кривични пријави за загадување на Дебарското Езеро поради истек на употребено моторно масло, портал: Слободен печат, достапно на: https://www.slobodenpecat.mk/krivichni-prijavi-za-zagaduvaneto-na-debarsko-ezero-poradi-istek-na-upotrebeno-motorno-maslo/.

92 Извештаи за работа на јавните обвинителства во Република Северна Македонија, достапни на: https://jorm.gov.mk/category/dokumenti/izvestai/.

93 Според статистичките податоци на Државниот завод за статистика, во 2017 година биле обвинети 68 лица, а осудени 62 лица, во 2018 година биле обвинети 60 лица, а осудени 52 лица, во 2019 година биле обвинети 69 лица, а осудени 59 лица, во 2020 година биле обвинети 57 лица, а осудени 52 лица. Извор – МАКСтат – база на податоци, достапна на: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=c38f0937-c219-4c3d-bd87-6c9103dd0a23

Лице без државјанство е лице што ниту една држава не го признава како свој државјанин по сила на нејзините закони и прописи. Бездржавјанството е состојба на ранливост. Лицата што немаат државјанство од ниту една земја (апатриди) најчесто немаат пристап до основните права што ги уживаат останатите државјани: здравствена заштита, образование, вработување, социјална помош и други права. Тие се во ризик да бидат приведени поради непоседување документи со кои би го докажале нивниот идентитет. Поради овие причини, лицата без државјанство живеат на маргините на општеството, во услови на социјална исклученост и сиромаштија.

**Постапка за запишување во матичната книга на родените**

Во однос на постапката за запишување во матичната книга на родените, нема некои посебни промени ниту подобрувања во текот на 2021 година. Постапките за дополнителен упис во матичната книга на родените траат повеќе години, а целата доказна постапка е заснована врз арбитрарно одлучување на службеното лице во однос на тоа кои докази се потребни да се достават во поткрепа на барањето за дополнителен упис и се разликува од случај до случај, во зависност од неговите специфичности. Во одредени случаи, за деца што се родени во болница и за кои постои службен доказ за раѓањето се инсистира да се достават дополнителни докази, како што се, на пример: изјави заверени на нотар, потврди од педијатар за возраста на детето, а во некои случаи се бара ДНК-анализа од родителите. На лицата најчесто им е тешко да ги прибават овие докази, а тоа дополнително ја усложнува и одолжува постапката.

За времетраењето на постапката за дополнително запишување во матичната книга на родените, на овие лица им е оневозможен пристап до основните права: здравствена заштита, образование, социјални права и слично, па во практиката, за жал, се среќаваат случаи кога поради немањето извод од матичната книга на родените и неможноста да добијат пристап до здравствена заштитата на деца на кои им била дијагностицирана некоја болест, болеста да прогресира и да заврши со смртен исход.

Во февруари 2020 година беше донесен Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родените[94], со кој е предвидено запишување во посебна матична книга на родените на лицата евидентирани со јавен повик, лицата за кои е поведена постапка за дополнителен упис пред јавниот повик и кои сè уште се во постапка, како и за децата кои се родени откако беше спроведен јавниот повик, а кои не може да се запишат во редовна постапка. Рокот за поднесување на барањето е 6 месеци од влегувањето во сила на законот.

94 http://www.slvesnik.com.mk/Issues/606043d405e847ee92c7eaed5c8bd389.pdf

До денес, овој рок е продолжуван во три наврати, најпрво поради пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19 се продолжи до 31 декември 2020 година, потоа беше продолжен до 30 јуни 2021 година, а со последните измени на законот се продолжи до 30 јуни 2022 година.

За жал, во практиката, при спроведувањето на овој закон наидуваме на прекршувања на Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родените и ЗОУП, па наместо во рок од еден месец од поднесувањето на барањето, изводот од посебната матична книга им се издава на овие лице и по истекот на неколку месеци од поднесувањето на барањето. Исто така, лицата на кои им се издадени изводи од посебна матична книга на родените и посебни идентификациски исправи не може да го остварат правото на пристап до основните права предвидени со овој закон поради тоа што системот не ги препознава определените броеви за идентификација што би требало да го заменат матичниот број.

Овие лица, во услови на светска пандемија, не може да добијат пристап до здравствена заштита, а државата не најде начин како да ги внесе во системот и да им обезбеди пристап до основните права, а посебно до правото за здравствена заштита.

Овој закон не нуди конечно решение на проблемот, туку само привремен пристап до четири права, а државата и натаму нема интерес да донесе системско решение за овој проблем, со кое истовремено ќе го реши проблемот, но и ќе превенира да се јавуваат вакви случаи во иднина.

**Постапка за регулирање престој**

Во однос на лицата без државјанство, кои се долготрајни вообичаени жители во земјата, во јуни 2019 година влезе во сила новиот Закон за странци[95]. Законодавецот предвидел новини во однос на регулирањето на престојот на лицата кои биле државјани на СФРЈ, а кои во РСМ на 8 септември 1991 година имале пријавено живеалиште и продолжиле да живеат на нејзината територија, како и нивните деца постари од пет години. Согласно новиот закон, оваа категорија затекнати странци или долготрајни вообичаени жители ќе се стекнат со право на постојан престој.[96]

Лицата без државјанство, на кои им е одобрен постојан престој во државата согласно Законот за странци, имаат право да престојуваат во државата без ограничување на времето на престој, имаат право на социјална заштита и социјална помош, даночни бенефиции, образование и професионална обука, вклучувајќи и студирање и пристап до вработување или вршење самостојна дејност.

95 https://mvr.gov.mk/zakon/21
96 Закон за странци, член 132.

Но, во практиката, има случаи кога Агенцијата за вработување ги одбила барањата поднесени од лица со одобрен постојан престој да се пријават како невработени и како активни баратели на работа поради тоа што системот не го препознава матичниот број за странец. На останатите лица без државјанство, на кои им е одреден привремен престој поради хуманитарни причини согласно Законот за странци, не им следува пристап до здравствена заштита и социјални права, освен доколку ги остварат овие права по основ на брак склучен со македонски државјанин.

**Постапка за прием во државјанство**

Во јули 2021 година беше донесен Закон за измени и дополнувања на Законот за државјанство на Република Северна Македонија[97], со кој се предвидува сите лица што до 8 септември 1991 година имале пријавено живеалиште или престојувалиште на територијата на РСМ да може да поднесат барање за прием во државјанство под олеснети услови со приложување најмалку еден доказ со кој ќе потврдат дека имале престојувалиште во земјата во 1991 година.

Со овие законски одредби, на голем број лица без државјанство ќе им се овозможи пристап до државјанство под олеснети услови во рок од шест месеци од поднесувањето на барањето. Останатите лица без државјанство, кои не го исполнуваат овој услов, може да поднесат барање за прием во државјанство на РСМ по основ на брак склучен со македонски државјанин или преку олеснета натурализација, односно прием во државјанство со скратени рокови за законски престој во државата (потребни се 6 години законски и непрекинат престој, наместо 8 години).[98]

Во оваа постапка, секојдневно сме сведоци на кршење на правата на лицата без државјанство. Најчесто тие се однесуваат на носење решение со кое на лицата им се одбива барањето за прием во државјанство поради закана за безбедноста и одбраната на земјата, кое не е образложено од страна на органот. Постојат голем број случаи кога на лице без државјанство, кое поради самиот статус е ранлива категорија лице, во социјален ризик, му се бара да приложи доказ дека е вработено или дека е корисник на старосна пензија, за да може да оствари право на натурализација, иако законот не прецизира кој документ конкретно се смета за доказ дека има обезбедено постојан извор на средства. Истото се случува и кога лицето што живее во објект што не е легализиран (најчесто во постапка за легализација) не може да достави доказ за сместување, па поради тоа е одбиено неговото барање за прием во државјанство.

97 https://mvr.gov.mk/zakon/11
98 Закон за измени и дополнувања на Законот за државјанство на РСМ, член 7а.

## Постапка за признавање право на азил

Заклучно со октомври 2021 година, МЗМП застапуваше 35 нови баратели на азил во РСМ, и тоа 24 мажи, 3 жени и 8 деца, од кои 7 непридружувани деца. Вкупниот број баратели на азил во РСМ согласно податоците на здружението до октомври 2021 година е 67. Секторот за азил при МВР призна статус на лице под супсидијарна заштита на едно лице од Авганистан и на две лица од Ирак. Во 2021 година, МВР не призна ниту еден статус на признаен бегалец и не додели заштита на семејство бегалци што имаа потреба од меѓународна заштита – самохран татко со деца од Сирија, а со тоа е извршен различен третман во однос на самохраните мајки што барале заштита и ја добиле во текот на претходните години.

Заклучно со октомври 2021 година, УС на РСМ донел 31 пресуда, додека, пак, Вишиот управен суд донел 24 пресуди во однос на прашања поврзани со азилот и меѓународната заштита, каде што МЗМП било активно вклучено во процесот на застапување. Во постапките пред Управниот и Вишиот управен суд е забележано дека постои одолжување на постапката и непочитување на предвидениот законски рок од 2 месеци, односно итно одлучување[99]. Мора да се забележи дека во 2021 година побрзо се одлучува во предметите од областа на азилот пред управните судови за новите баратели на азил. Меѓутоа, согласно статистиката за просечен број денови при одлучување во случаите за бегалците од Косовската криза пред управните судови, постапките сè уште траат подолг временски период. Постапката пред УС на РСМ до донесувањето пресуда, во просек, трае 226 дена, додека, пак, постапката пред Вишиот управен суд на РСМ трае 449 дена од поднесувањето на жалбата. Заклучно со октомври 2021 година, одржани беа 19 усни расправи пред Управниот суд, од кои една се одложи поради отсуство на преведувач на јазикот на кој го зборува барателот на азил. По одржаните усни расправи, Управниот суд најчесто носеше негативна одлука.

Со новиот Закон за управните спорови[100] е предвидено дека во прилог на тужбата мора да се достави оригинал управен акт или негов заверен препис против кој се поднесува тужбата. Со оваа одредба, со која се наметнуваат дополнителни трошоци за потенцијалните тужители, само се отежнува остварувањето на нивното право за водење управен спор за заштита на нивните правни интереси.

99 Согласно стариот Закон за азил и привремена заштита, судот во постапка по тужба треба да одлучи во рок од 2 месеци од поднесувањето, а согласно новиот ЗМПЗ судот треба да одлучи итно – член 43 за редовна постапка и член 49 за итна постапка од ЗМПЗ.
100 https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Zakon-za-upravni-sporovi-17-05-2019-so-primena-od-25-05-2020-.pdf, член 25 став 3.

## Оневозможен пристап на пазарот на труд за барателите на азил

На барателите на азил не им е овозможено остварување на правото на слободен пристап на пазарот на трудот што е предвидено со Законот за меѓународна и привремена заштита[101]. Причината за ова е непостоење законска можност за определување матичен број на барателите на азил, како еден од условите тие да бидат заведени во Агенцијата за вработување на РСМ и да имаат пристап до пазарот на трудот. На барателите им се прекршува ова основно право, кое иако е законски предвидено, неговата реална примена во практиката не е можна поради непостоење начин за решавање на ова прашање.

## Остварување права пред Управата за водење на матичните книги

Согласно Европската конвенција за човекови права и позитивното право во РСМ, на секој човек му се гарантира правото на брак доколку ги исполнува законските услови. Меѓутоа, при обид за остварување на ова право од страна на барател на азил, постапката траеше долго од непознати причини. Во овој случај, надлежните служби не знаат да постапат соодветно и со тоа се повредува ова основно човеково право. Поради тоа, МЗМП, освен тоа што поднесе тужба до Управниот суд, поднесе тужба и до граѓанскиот суд за утврдување повреда на правото на брак. Меѓутоа, граѓанскиот суд донесе негативна одлука со објаснување дека баратели на азил немаат право да склучат брак, иако ваквата забрана не е никаде законски предвидена, по што МЗМП поднесе жалба.

Од друга страна, во постапката за склучување брак на лице со признаено право на азил поради супсидијарна заштита или признаен бегалец, како потребни документи што ги бара Управата за водење на матичните книги се документите од земјата на потекло: Извод од матичната книга на родени и Уверение за слободна брачна состојба. Во постапките за признавање татковство пред Управата за водење на матичните книги за децата родени во вонбрачна заедница чии родители се лица со признаено право на азил, како потребни документи се бараат документите за родителите од нивната земја на потекло, и тоа: Извод од матичната книга на родени и Уверение за слободна брачна состојба, што не беше случај пред 2017 година. Не е јасно зошто овие документи се барани од страна на овие органи, и покрај тоа што е познато дека овие лица се со признаено право на азил во РСМ, а со тоа тие се под меѓународна заштита и не можат и не сакаат да остварат контакт со нивната земја на потекло поради опасност по нивната безбедност.

101 http://www.slvesnik.com.mk/Issues/18ac862584c948a192866b390dd7abba.pdf, страна 24, член 61.

## Пречки при остварување на правото на државјанство

Во постапките за прием во државјанството на РСМ на лицата со признаено право на азил, иако е постигнат главниот услов за законски престој од 8 години за лице под супсидијарна заштита и 6 години за признаен бегалец во РСМ, како пречка во процесот на натурализација се некои од условите предвидени во Законот за државјанство[102]. Тоа се потребните документи од земјата на потекло: Уверение дека не се води кривична постапка, Уверение од криминално досие и доказ за отпуст од досегашното државјанство. Покрај овие документи, Секторот за државјанство при МВР бара и документи од матичната држава што не се предвидени со закон: Извод од матичната книга на родени и Уверение за слободна брачна состојба, ако лицето е во брак. Во однос на потребниот доказ за местото на живеење во постапката за прием во државјанство на РСМ, согласно условите предвидени во Законот за државјанство, странецот треба да „има обезбедено живеалиште“. Повеќето од лицата под супсидијарна заштита живеат во куќи под закуп што се во постапка на легализација поради поволна цена на закупнина или се предмет на оставинска постапка и сопствениците на овие куќи не поседуваат имотен лист. Секторот за државјанство, по свое толкување, како доказ за обезбедено живеалиште го смета поседувањето имотен лист или договор за закуп заверен на нотар[103], иако тоа не е предвидено со Законот за државјанство.

## Состојба предизвикана од КОВИД-19

### Карантинско сместување за време на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 без постоење правен основ

Во 2020 година, Владата донесе заклучок дека за време на вонредната состојба сите баратели на азил и лица што нерегуларно престојуваат во РСМ ќе бидат во 25-дневен карантин во Прифатно-транзитниот центар „Винојуг“. Меѓутоа, оваа практика продолжи и по вонредната состојба, без да постои правен основ за таквото незаконско држење во центарот. По поднесени жалби од страна на МЗМП, МТСП со одговор на жалба одлучи дека карантинското сместување ќе трае 15 дена, освен со приложување негативен ПЦР-тест поради препораките на здравствените работници, претходно донесениот заклучок на Владата на РСМ и членот 61 од ЗМПЗ.

Во конкретниот случај, по одговорот на МТСП, МЗМП поднесе тужба до Управниот суд, кој во март донесе пресуда со која ја усвои тужбата и укажа на тоа дека карантинското сместување на барател на азил по вонредната состојба било незаконско и спротивно на Уставот и законите на РСМ, и ЕКЧП. Согласно статистиката на МЗМП, во 2021 година беа донесени три решенија

102 https://mvr.gov.mk/Upload/Documents/1.Zakon%20za%20drzavjanstvoto%20na%20RM%2067-92.pdf, член 7.
103 За склучување договор за закуп, кој е заверен на нотар, потребен е имотен лист за објектот што се издава под закуп.

за карантинско задржување на баратели на азил без правен основ, и тоа едно во јануари и две на почетокот на април. Меѓутоа, по донесената пресуда од Управниот суд, практиката на карантинско сместување на баратели на азил се промени. Овде, сепак, неизбежно е да се забележи дека во 2021 година бројот на баратели на азил е видливо помал од сите претходни години. Сепак, не е донесена никаква формална одлука од страна на МТСП дека престанува да важи карантинското сместување за баратели на азил во ПТЦ „Винојуг", што укажува на тоа дека не е исклучена можноста во одреден индивидуален случај некое лице да биде сместено во карантин.

Дел од мигрантите прво беа сместени во карантин во ПТЦ „Винојуг" како сведоци во кривична постапка, па потоа поднесуваа барање за азил. Нивното барање за азил не беше процесирано се додека тие не дадат изјава пред Јавен обвинител во постапката за која се задржани. По завршување на изолацијата и давањето на изјава пред обвинителот, нивното барање за азил беше процесирано и тие беа пренесувани во Прифатниот центар за баратели на азил.

**Права на странци и мигранти**

Кризната состојба на северната и јужната граница на РСМ беше продолжена и во 2021 година, а статусот на транзитните центри остана недефиниран седма година по ред. Ова е клучно прашање, со оглед на тоа што на ваков начин и без соодветна регулатива се доведува во прашање почитувањето на човековите права на лицата сместени во овие центри. Во јануари 2021 година, во ПТЦ „Винојуг" повторно почна да се врши регистрација на мигрантите, а оваа практика беше прекината во 2020 година. Продолжи трендот на карантинско сместување на сведоците во кривични постапки против сторителите на кривично дело – криумчарење во овој центар. Во овој центар беше овозможено сместување и за ранливи категории лица (најчесто повредени лица во инциденти при криумчарење). Во ПТЦ „Табановце", од друга страна, немаше ограничување во однос на сместувањето на мигрантите. Сепак, најголем дел од нив, за брзо време, го напуштаа центарот. Сместувањето во двата центри се вршеше без утврден правилник или систем за прием на лица.

Најголемиот дел од мигрантите што транзитираа и што беа регистрирани потекнуваа од Авганистан и од Пакистан, но имаше и странци од Сирија, Мароко и од Бангладеш. Голем процент од луѓето што транзитираа беа мажи самци, но забележани беа и семејства, деца и непридружувани деца. Практиката на незаконски враќања (push-backs) продолжи со зголемен интензитет во текот на 2021 година.[104] Дел од мигрантите што биле пресретнати и откриени од страна на полицијата за време на акциите за спречување криумчарење мигранти биле пратени во Прифатно-транзитниот

104 https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2021/05/Field-Report-Q1-2021.pdf; https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2021/08/Field-Report-Q2-2021-2.pdf

центар „Винојуг“, од каде што потоа биле вратени во Грција, во отсуство на формална постапка за враќање. Согласно податоците на МЗМП, од почеток на годината до крајот на октомври, на овој начин биле вратени вкупно 15 179 мигранти. Од аспект на правата на мигрантите што биле вратени, проблематично е тоа што не биле земени предвид нивните индивидуални околности, ниту, пак, тие добиле можност да побараат азил и да се жалат против ваквото постапување, а со тоа државата ја повредила забраната за колективно протерување предвидена во ЕКЧП.

Од април 2021 година, на МЗМП му беше овозможен пристап во Прифатниот центар за странци во Гази Баба. МЗМП оствари вкупно 26 посети и изврши правно советување во однос на постапката за азил со 9 лица. Според информациите со кои располага МЗМП, 31 лице што претходно биле задржани во Прифатниот центар за странци поднеле барање за азил и биле префрлени во Прифатниот центар за баратели на азил. При извршените посети, МЗМП изврши правно советување на дел од задржаните лица со објаснување дека уште една организација врши правно советување во центарот, а со тоа на дел од лицата веќе им била обезбедена правна помош или, пак, поради тоа што дел од нив во моментот не биле тестирани за КОВИД-19 со цел заштита на здравјето.

Од друга страна, во ПТЦ „Винојуг“, заклучно со октомври, задржани биле 278 лица како сведоци во кривичните постапки против криумчарите. И покрај присуството на МЗМП во ПТЦ „Винојуг“, на ангажираните правници не им беше овозможен непречен пристап до овие лица за време на карантинот, туку само посредно преку користење телефон, со што контактот се извршуваше преку социјални мрежи и апликации. Со тоа на лицата им беше ограничен пристапот до права во РСМ. Дел од овие лица беа неформално вратени во Грција по даден исказ пред надлежен суд, без да им биде доделена бесплатна правна помош и информација и без да им биде укажано на правото на азил. Од вкупниот број на овие лица, 35 беа непридружувани деца на кои им беше назначен старател, што сепак немаше неограничен пристап до децата, а со тоа беше доведен во прашање најдобриот интерес на овие деца. На задржаните лица во ПТЦ „Винојуг“ не им беше издадено решение за задржување, ниту, пак, усно им беа образложени причините за задржувањето.

Во 2021 година, и ПТЦ „Табановце“ служеше како центар за задржување на сведоците во постапки против криумчари или жртви на насилство и инциденти предизвикани од трети лица. Согласно статистиката на МЗМП, во ПТЦ „Табановце“ беа задржани 15 лица. Оваа година забележани беа два случаи на непридружувани деца, во кои видно беше прекршувањето на нивните права. Едното непридружувано дете со прострелни рани беше држено како сведок во ПТЦ „Табановце“ во времетраење од 17 дена со можност да излезе надвор само во присуство на полиција, а потоа тоа беше пренесено во ПТЦ „Винојуг“ и таму дополнително беше држено 21 ден за

потребите на кривичната постапка што неосновано траеше предолго, на штета на самото дете. На крајот, по инцидент создаден од детето во кој тоа се самоповреди, веднаш беше вратено во Грција без формална постапка.[105] Во другиот случај стануваше збор за дете што без присуство на старател беше задржано во полициска станица повеќе од 30 часа со цел да биде сведок во инцидент со други мигранти. За овој случај, МЗМП поднесе претставка до внатрешната контрола на МВР, од каде што беше спроведена постапка и беше констатирано дека дел од наводите во претставката се основани, а со тоа беше изречена дисциплинска мерка.

## ПРИСТАП ДО ПРАВДА

Во октомври 2021 година, Законот за бесплатна правна помош (ЗБПП) од 2019 година ја заокружи својата втора година од примената. Во 2021 година продолжи да се следи примената на законот и на сите активности во контекст на состојбата со пристапот до правда.

**Заложбите на сите заинтересирани страни за воспоставување функционален систем за бесплатна правна помош (БПП) се евидентирани и во текот на оваа година.**

Министерството за правда (МП) ја подготви и редовно ја ажурира листата на адвокати регистрирани за БПП со интерес да застапуваат баратели на азил преку системот на бесплатна правна помош. Од аспект на заедничка координација и соработка со правните клиники и граѓанските организации со овластување за давање претходна правна помош, МП одржа и еден координативен состанок.

Воспоставеното Национално координативно тело за спроведување на ЗБПП[106] одржа три состаноци во текот на 2021 година, со цел подобрување на комуникацијата и соработката помеѓу релевантните чинители во областа. Фокусот на овие состаноци, освен за имплементирање на Законот за бесплатна правна помош, беше за ослободување на корисникот од „други трошоци поврзани со судските постапки“, упатување на заинтересираните лица до различни даватели на правна помош, поднесување приговори против одбиени баратели на БПП, пристапот до информации и документи потребни за обработка на барања за БПП со кои се соочува Министерството за правда, кампањата за зголемување на свесноста на граѓаните за БПП и останати идентификувани предизвици. Беа разгледани и предизвиците со пристапот до правна помош за жртвите на семејно насилство; пристапот до примарна и секундарна правна помош со кои се соочуваат лицата што не се запишани во матичната книга на родени и што немаат матичен број, како и пристапот до документи и потврди за сиромашните граѓани, кои се обврзани

105 За двата случаи повеќе може да се најде во тримесечниот извештај на МЗМП април-јуни 2021 година, достапен овде: Field Report Q2 - 2021 (myla.org.mk).
106 https://pravnapomos.mk/nacionalno-koordinativno-telo/

да ги сносат високите трошоци за нивно издавање, а кои се неопходни за остварување и заштита на нивните права.

Од 2011 година, државата е вклучена во иницијативата за Отворено владино партнерство (ОВП), подоцна преименувано во Партнерство за отворена власт (ПОВ). Во текот на 2021 година интензивно се работеше на преземање обврски за зголемување на учеството на јавноста при развивање политики што одговараат на потребите на граѓаните. Пристапот до правда е една од петте приоритетни области вклучени во Националниот акциски план за партнерство за отворена власт 2021-2023 година[107]. Во оваа област се вклучени 5 главни заложби поврзани со пристапот до правда, а кои би требало да бидат исполнети до 2023 година[108].

Најголем број од здруженијата со овластување за давање претходна правна помош, кои со години работат на областа, продолжија да го следат целиот систем и активно да се застапуваат за негово подобрување, изработувајќи свои анализи, извештаи и сл.[109]

## Идентификувани предизвици и недостатоци

Иако постојат низа преземени активности за зајакнување на системот, идентификуваните проблеми од претходната година постојат, а дополнително се идентификувани и нови. Меѓу нив се следните:

1. Постои недостиг на континуирани и систематизирани обуки на овластените службени лица во подрачните канцеларии на МП за правни проблеми со кои се соочува слабоимотното и ранливо население, особено: социјалната и детската заштита, семејното и родово базираното насилство, правдата за деца;
2. Нема соодветна координација и соработка помеѓу Секторот за азил и Министерството за правда во случај на бесплатна правна помош за баратели на азил, за што говори и нефункционалноста на системот за бесплатна правна помош во постапки за признавање право на азил;
3. Законот е рестриктивен во практиката, во поглед на нотарски и извршни постапки, во делот на јавните и комуналните услуги, имотноправните односи во управните постапки, надоместокот за нематеријална штета кога не постои тежок инвалидитет – кои сè уште се едни од областите и постапките за кои слабоимотното и

107 https://ovp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/07/NAP5-PARTNERSTVO-ZA-OTVORENA-VLAST-2021-2023-_-pot-vrden-od-Vlada-26.10.2021.pdf
108 Ibid, стр. 111-138, Унапредување на заштитата на сексуалните работници и лица што употребуваат дроги, унапредување на пристапот до правда на социјално загрозени и граѓани во социјален ризик, Пристап до правда за жени што претрпеле семејно насилство, Правно зајакнување на граѓаните преку достапни информации и отворени институции.
109 ФООМ, Извештај за примена на Законот за бесплатна правна помош во периодот од октомври 2019 до декември 2020, објавен во 2021 година; Хелсиншки комитет за човекови права, Заштита на човековите права преку унапредување на бесплатната правна помош, со вклучени податоци за периодот од октомври 2019 до декември 2020, објавен во 2021 година.

ранливо население најмногу има потреба од правна помош;

4. Финансирањето на примарната правна помош според новините што ги наметна ЗБПП сè уште не функционира. Давањето примарна правна помош од страна на здруженијата значи дека тие мора да имаат обезбедено правник со положен правосуден испит. Вработувањето или ангажирањето правници е трошок што сите здруженија мора да го обезбедат со цел да го задржат своето овластување за да бидат дел од системот. Ваквата состојба, во која финансирањето на примарната правна помош не функционира, ја доведува во прашање одржливоста на подолг временски период.

**Примарна правна помош обезбедена од Македонското здружение на млади правници во 2021 година**

Во периодот од јануари до октомври 2021 година, МЗМП обезбеди вкупно 568 правни совети во согласност со Законот за бесплатна правна помош. За своето постапување и услугите што ги дава како овластено здружение од областа, редовно го информираше Министерството за правда преку вкупно 10 поднесени месечни извештаи.

**Преглед на дадени правни совети во периодот од јануари до октомври 2021 г.**

| Месец | Вкупно правни совети | Бр. на мажи | Бр. на жени | Правни прашања што преовладуваа во конкретниот месец |
|---|---|---|---|---|
| Јануари 2021 | 54 | 27 | 27 | Имотноправни прашања, родово базирано и семејно насилство, социјална заштита |
| Февруари 2021 | 65 | 26 | 39 | Имотноправни прашања, други области што не се конкретно наведени во ЗБПП, заштита на деца, родово базирано и семејно насилство |
| Март 2021 | 70 | 27 | 43 | Родово базирано и семејно насилство, заштита на деца и социјална заштита, но застапени се и други правни прашања |
| Април 2021 | 89 | 49 | 40 | Социјална заштита, други правни прашања надвор од опсегот на ЗБПП, родово базирано и семејно насилство, работни односи, заштита на деца |
| Мај 2021 | 50 | 16 | 34 | Имотноправни прашања, социјална заштита, родово базирано и семејно насилство, прашања од областа на пензиското и инвалидското осигурување, но евидентиран е и интерес за други правни прашања надвор од ЗБПП |
| Јуни 2021 | 40 | 20 | 20 | Родово базирано и семејно насилство, прашања што не влегуваат во опсегот на ЗБПП, а помалку се застапени и имотноправни прашања и социјална заштита |
| Јули 2021 | 45 | 17 | 28 | Други правни прашања што не влегуваат во опсегот на ЗБПП, потоа прашања од областа на родово базираното и семејното насилство, имотноправни прашања, социјална заштита, заштита на деца и работни односи |
| Август 2021 | 53 | 22 | 31 | Други правни прашања што не влегуваат во опсегот на ЗБПП, имотноправни прашања, социјална заштита и родово базирано и семејно насилство |
| Септември 2021 | 43 | 16 | 27 | Имотноправни прашања, други правни прашања што не влегуваат во опсегот на ЗБПП, социјална заштита и статусни прашања |
| Октомври 2021 | 59 | 18 | 31 | Имотноправни прашања и правни прашања што не влегуваат во опсегот на ЗБПП, но и помалку се застапени прашања од другите области што се во рамките на законот |
| **ВКУПНО** | **568** | **248** | **320** | |

## Преглед на поднесени барања за секундарна правна помош

| Месец | Област на правно прашање за кое е потребна секундарна правна помош | |
|---|---|---|
| Јануари 2021 | Вкупно барања = 4 | 2 за родово базирано и семејно насилство, 1 за статусни прашања, 1 за други области |
| Февруари 2021 | Вкупно барања = 3 | 2 за заштита на деца, 1 за статусни прашања |
| Март 2021 | Вкупно барања = 4 | 2 за родово базирано и семејно насилство, 2 за статусни прашања |
| Април 2021 | Вкупно барања = 1 | 1 од областа на родово базираното и семејното насилство |
| Мај 2021 | Вкупно барања = 1 | 1 од областа на заштита на деца |
| Јуни 2021 | / | |
| Јули 2021 | Вкупно барања = 4 | 1 за заштита на деца, 1 за родово базирано и семејно насилство, 2 за статусни прашања |
| Август 2021 | / | |
| Септември 2021 | Вкупно барања = 1 | 1 за статусни прашања |
| Октомври 2021 | Вкупно барања = 5 | 2 за имотноправни прашања, 2 за статусни прашања, 1 за други прашања |
| | **ВКУПНО 23 ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ** | |

## Сумарен преглед на поднесени барања за секундарна правна помош по правни прашања

| Број на понесени барања | Правно прашање за кое се бара секундарна правна помош |
|---|---|
| 6 | Родово базирано и семејно насилство |
| 9 | Статусни прашања |
| 2 | Други прашања |
| 4 | Заштита на деца |
| 2 | Имотноправни прашања |
| **ВКУПНО 23 ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ** | |

## ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Македонија има примарна одговорност да ги обезбеди правата и слободите гарантирани во Европската конвенција за човекови права и нејзините протоколи. Секое лице што смета дека правата загарантирани и заштитени со Конвенцијата се повредени, по исцрпувањето на сите домашни правни лекови, може да поднесе апликација (жалба) до Европскиот суд за човекови права.

Во текот на 2021 година[110], од вкупно 6 апликации по кои одлучувал Судот, во 5 случаи донел пресуди утврдувајќи дека државата ги повредила човековите права и слободи на граѓаните што поднеле апликација.[111] Во овие пресуди, Судот констатирал повреда од страна на домашните институции/државата на Конвенцијата во однос на правото на правична судска постапка (членот 6) и повреда на забраната за дискриминација (членот 14) во врска со неспроведувањето ефективна истрага за наводи на повреда на членот 3, односно забраната за мачење. Врз основа на пресудите на Судот, а поради повреда на човековите права и слободи загарантирани со Конвенцијата, државата од буџетот била задолжена да плати вкупно 8 750 евра.

Судот има донесено 11 одлуки врз основа на постигнато пријателско спогодување помеѓу државата и апликантот[112] и 4 одлуки врз основа на унилатерална декларација[113], каде што Владата на РСМ извршила еднострано признавање повреда на Конвенцијата. Врз основа на овие одлуки, државата била задолжена да плати вкупно 108 772 евра[114]. Пријателските спогодби се однесуваат на права поврзани со сопственост, живот, забрана за мачење, слобода на движење, дискриминација поврзана со слободата на движење.[115] Додека, пак, унилатералните декларации се однесуваат на права поврзани со сопственост, правична судска постапка, почитување приватен и семеен живот, забрана за дискриминација.

---

110 Сите податоци поврзани со пресудите и одлуките на Европскиот суд за човекови права се однесуваат на временскиот период од 1.1.2021 до 30.11.2021 г.

111 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22languageisocode%22:[%22ENG%22],%22respondent%22:[%22MKD%22],%22documentcollectionid2%22:[%22JUDGMENTS%22],%22kpdate%22:[%222021-01-01T00:00:00.0Z%22,%222021-10-28T00:00:00.0Z%22]}

112 „Спогодба за пријателско решавање на предметите“ е изјава со која Владата на РСМ се обврзува да му исплати на жалителот определен износ парични средства или, пак, преку домашните судови и државните органи да преземе извршување определени дејствија, а за сметка на тоа жалителот се обврзува да престане со натамошни постапувања и барања пред Судот против Република Македонија во односниот предмет, со што се постигнува конечно решавање на предметот.

113 Барбуловски против Северна Македонија (41449/16 и 43406/16), Милчин и Псалтиров против Северна Македонија (17607/15 и 32576/15), Божиновска против Северна Македонија (41448/16), Техно-интерекспорт Душко ДООЕЛ против Северна Македонија (22078/17 и 22530/17). Повеќе информации погледнете на: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22fulltext%22:[%22(\%22unilateral%20declaration\%22)%22],%22sort%22:[%22kpdate%20Descending%22],%22respondent%22:[%22MKD%22]}

114 Исплатени се 101 050 евра врз основа на пријателски спогодби и 7 722 евра врз основа на унилатерална декларација.

115 https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22EXECDocumentTypeCollection%22:[%22CEC%22],%22EXECFinalJudgmentDate%22:[%222021-01-01T00:00:00.0Z%22,%222021-10-28T00:00:00.0Z%22],%22EXECLanguage%22:[%22ENG%22],%22EXECState%22:[%22MKD%22],%22EXECType%22:[%22FS%22]}

Заклучно со јуни 2021 година, за вкупно 295 апликации (жалби) против РСМ, ЕСЧП сè уште нема донесено конечна одлука или пресуда.[116] Во продолжение следува табела што содржи информации за 6 мериторни пресуди, која вклучува: назив на пресудите, број на апликации, датум на донесување на пресудите, за кое право што го заштитува Конвенцијата е утврдена повреда, досудениот износ за утврдената повреда и линк до пресудата. Исто така, наведено е и под каков надзор е извршувањето на пресудата од страна на Комитетот на министри и квалификацијата на предметот.

116 https://www.echr.coe.int/Documents/CP_Republic_of_North_Macedonia_ENG.pdf

| Бр. | Име на пресуда | Број на апликации | Датум на донесување | Право повредено од ЕКЧП | Вкупен износ на штета и трошоци на постапката | Надзор од Комитетот на министри | Квалификација на предметот | Линк до пресудата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Стоименовиќ и Милошевиќ против Северна Македонија | Бр. 59842/14 | 25.03.2021 | Утврдена повреда на правото на правична судска постапка (член 6) | Нематеријална штета – 2 500 ЕУР<br>Трошоци – 250 ЕУР | Стандарден надзор | Водечки и повторувачки предмет | Пресуда |
| 2 | ТРАНСКОП АД БИТОЛА против Северна Македонија | Бр. 48057/12 | 01.04.2021 | Утврдена повреда на правото на правична судска постапка (член 6) | / | Стандарден надзор | Водечки предмет | Пресуда |
| 3 | Проданов против Северна Македонија | Бр. 73087/12 | 10.06.2021 | Утврдена повреда на правото на правична судска постапка (член 6 став 1) | Трошоци – 1 500 ЕУР | Стандарден надзор | Водечки предмет | Пресуда |
| 4 | Бајич против Северна Македонија | Бр. 2833/13 | 10.06.2021 | Утврдена повреда на правото на правична судска постапка (член 6 став 1) | Нематеријална штета – 1 500 ЕУР | Стандарден надзор | Сè уште не е утврдено | Пресуда |
| 5 | Мемедов против Северна Македонија | Бр. 31016/17 | 24.06.2021 | Утврдена повреда на забраната за дискриминација (член 14) во врска со повреда на забраната за мачење (член 3) | Нематеријална штета – 3 000 ЕУР | Зајакнат надзор | Повторувачки предмет | Пресуда |
| 6 | Милачиќ против Северна Македонија | Бр. 44773/16 | 14.10.2021 | Нема утврдено повреда на правата загарантирани со ЕСЧП | / | / | / | Пресуда |

Во 2021 година, ЕСЧП донесе пресуда со која се констатира повреда на забраната за дискриминација во врска со повреда на забраната за мачење поради неуспехот на надлежните органи на државата да ги истражат наводите на апликантот за расно мотивирана полициска бруталност.

Предметот е под зајакнат надзор од страна на Комитетот на министри, а притоа е квалификуван како повторувачки предмет. Судот утврдил исти, односно слични повреди на Конвенцијата, како оние што се веќе утврдени од страна на ЕСЧП во однос на предметот Китановски против Македонија.

## Мемедов против Северна Македонија (бр. 31016/17)

### Околности на случајот

На 5 мај 2013 година, полициски службеници што биле припадници на единицата „Алфа" интервенирале во ромската населба Топаана во Скопје, со цел да лишат од слобода осуден бегалец осомничен дека со нож нападнал трето лице. Според жалителот, неколку припадници на полицијата влегле во продавницата и започнале физички да ги напаѓаат присутните (вклучувајќи го и апликантот) и биле употребени навреди во однос на нивната етничка припадност.

Апликантот бил лишен од слобода поради напад на полициски службеник и, според полициските записници, тој имал „видливи повреди на рацете, вратот и грбот", но потврдени биле „нормален" крвен притисок, нормално отчукување на срцето и нормално дишење.

На 28 март 2014 година, апликантот поднел кривична пријава против полициските службеници поради малтретирање, тортура, насилство и расна дискриминација, сите казниви според Кривичниот законик. На 17 март 2017 година, основниот јавен обвинител ја отфрлил кривичната пријава и покрај тоа што било утврдено дека жалителот се здобил со видливи телесни повреди во инцидентот. Вишиот јавен обвинител во два наврати ги прифатил жалбите на апликантот со наредба за продолжување на истрагата и правилно утврдување на фактите. Сепак, на 7 октомври 2019 година, основниот јавен обвинител ја отфрлил кривичната пријава не наоѓајќи докази дека „обвинетите или кој било друг присутен полициски службеник користел физичка сила против апликантот или дека на друг начин му предизвикале ментално страдање поради неговото ромско потекло". На 27 јануари 2020 година, вишиот јавен обвинител ја одбил жалбата на апликантот и ја потврдил одлуката на основниот јавен обвинител.

На 15 април 2016 година, апликантот покренал граѓанска постапка против Министерството за внатрешни работи за надоместок на штета, тврдејќи дека според Законот за спречување и заштита од дискриминација, како *lex specialis*, тој бил жртва на расно мотивирано несоодветно постапување од страна на полицијата. На 4 декември 2018 година, Основниот суд Скопје го одбил тужбеното барање на апликантот. Иако Основниот суд Скопје ги сметал за веродостојни изјавите на сведоците дека полицијата го удирала апликантот во продавницата, тој не нашол факти и докази дека полицијата го дискриминирала поради неговото ромско потекло. Во својата одлука од 4 април 2019 година, Апелациониот суд Скопје ја потврдил таа одлука и ја одбил жалбата поднесена од апликантот во врска со оцената на доказите и пристапот кон товарот на докажување.

На 17 јануари 2017 година, апликантот покренал граѓанска постапка против Јавното обвинителство, барајќи надоместок на нематеријална штета што произлегува од неуспехот да се истражат неговите наводи за полициска бруталност. На 21 ноември 2018 година, Основниот суд Скопје го одбил барањето на апликантот, сметајќи дека тековната истрага била спроведена во согласност со важечките правила. На 13 јуни 2019 година, Апелациониот суд Скопје ја потврдил таа одлука.

**Наводна повреда на членот 14 од Конвенцијата во врска со членот 3 и/или членот 1 од Протоколот број 12 на Конвенцијата.**

Случајот се заснова врз наводи за расно мотивирана полициска бруталност во однос на апликантот, кој е од ромско етничко потекло, и наводниот неуспех на државата да ги испита можните расистички мотиви за делата за кои се жали. Апликантот се повикал на членот 14 од Конвенцијата во врска со членот 3 и/или членот 1 од Протоколот број 12 на Конвенцијата.

**Оцена на Судот**

Судот нотира дека повредите на апликантот констатирани во полициските извештаи и медицинските докази се доволно сериозни за да го достигнат прагот на суровост, потребен согласно членот 3.

Судот смета дека единствените органи што имаат надлежност да испитуваат можни расистички мотиви не ја исполниле својата должност согласно членот 14 од Конвенцијата во врска со членот 3 да ги преземат сите можни чекори за да се утврди дали дискриминаторскиот став имал или немал улога во настаните. Според тоа, има повреда на членот 14 од Конвенцијата во врска со членот 3 во неговиот процедурален аспект.

Од достапниот материјал, Судот исто така не нашол докази дека полициската акција, која била одговор на насилната реакција на локалните жители, била под влијание на ромското потекло на жалителот. Што се однесува до

наводите за употребени расни навреди против апликантот од страна на припадниците на полицијата при лишувањето од слобода, Судот сметал дека доказите во тој поглед не можеле да се земат, сами по себе и во отсуство на други докази во поткрепа, релевантни за случајот на апликантот, како доволен основ за да може да се заклучи дека државата е одговорна за расистичко малтретирање.

**Одлука на судот**

Судот утврдил дека има повреда на членот 14 во врска со членот 3 од Конвенцијата поради неуспехот на надлежните органи на државата да ги истражат наводите на апликантот за расно мотивирана полициска бруталност. Досудена е нематеријална штета во износ од 3 000 евра.

## ИЗВРШУВАЊЕ ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Државата има обврска за извршување на пресудите од Судот во кои е констатирана повреда на правата загарантирани во Конвенцијата. Конечните пресуди на Судот му се доставуваат на Комитетот на министри, кој го надгледува нивното извршување во државата, меѓутоа, исто така, Комитетот го надгледува и извршувањето на одлуките од Судот донесени врз основа на пријателско спогодување помеѓу државата и апликантот. Комитетот не го следи извршувањето на одлуките донесени врз основа на унилатералните декларации со кои се признаваат повредите на Конвенцијата, меѓутоа доколку државата не ги реализира нејзините преземени обврски, апликантот има право да побара предметот да биде вратен на листата на предмети пред Судот.

Вкупно 41 пресуда и 9 одлуки се во тек на извршување и се уште се под надзор на Комитетот на министри.[117] Комитетот го врши надзорот под зајакната или стандардна процедура. Од вкупниот број пресуди и одлуки, 11 се под зајакнат надзор[118], 36 се под стандарден надзор[119] и за 3 од нив се уште не е утврдено под каков надзор ќе бидат.

Пресудите од Судот имаат квалификација на водечки и повторувачки предмети. Во продолжение следува табела за квалификацијата на предметите чие извршување е во тек.

117 https://hudoc.exec.coe.int/eng#{%22EXECDocumentTypeCollection%22:[%22CEC%22],%22EXECLanguage%22:[%22ENG%22],%22EXECState%22:[%22MKD%22],%22EXECIsClosed%22:[%22False%22]}
118 https://hudoc.exec.coe.int/eng#{%22EXECDocumentTypeCollection%22:[%22CEC%22],%22EXECLanguage%22:[%22ENG%22],%22EXECState%22:[%22MKD%22],%22EXECSupervision%22:[%22ENHA%22],%22EXECIsClosed%22:[%22False%22]}
119 https://hudoc.exec.coe.int/eng#{%22EXECDocumentTypeCollection%22:[%22CEC%22],%22EXECLanguage%22:[%22ENG%22],%22EXECState%22:[%22MKD%22],%22EXECSupervision%22:[%22STAND%22],%22EXECIsClosed%22:[%22False%22]}

| Пресуди[120] | | | |
|---|---|---|---|
| Водечки предмети | Повторувачки предмети | Водечки и повторувачки предмети | Се уште не е утврдено |
| 17 | 25 | 2 | 1 |

Следењето на извршувањето на пресудите пред Комитетот на министри се спроведува преку доставување акциски планови и извештаи од страна на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП. Во текот на 2021 година, државата има доставено 2 акциони планови и 5 акциски извештаи до Комитетот на министри, во кои се предвидени индивидуалните и општите мерки што државата ги презела или планира да ги преземе со цел отстранување на настанатата повреда, како и спречување настанување исти или слични повреди во иднина.

| Предмет | Датум на доставени акциски планови/извештаи до Комитетот на министри во 2021 година |
|---|---|
| X | Акциски план – 29.09.2021[121] |
| Митови | Акциски план – 29.01.2021[122] |
| J.M. и А.Т. | Акциски извештај – 07.05.2021[123] |
| Гелевски | Акциски извештај – 06.07.2021[124] |
| Л.Р. | Акциски извештај – 11.11.2021[125] |
| Демерџиева | Акциски извештај – 20.01.2021[126] |
| Настеска | Акциски извештај – 18.11.2021[127] |

Комитетот на министри има донесено 9 финални резолуции со кои го затвора надзорот над извршувањето на предметите, почитувајќи дека се преземени сите индивидуални и општи мерки потребни за отстранување на повредата и спречувањето идни слични повреди.

120 Два предмети се истовремено и водечки и повторувачки предмети.
121 1419th meeting (December 2021) (DH) - Action plan (29/09/2021) - Communication from North Macedonia concerning the X v. North Macedonia (Application No. 29683/16) [Anglais uniquement] (coe.int)
122 1398th meeting (March 2021) (DH) - Action plan (29/01/2021) - Communication from North Macedonia concerning the MITOVI v. North Macedonia (Application No. 53565/13) [anglais uniquement] (coe.int)
123 1406th meeting (June 2021) (DH) - Action report (07/05/2021) - Communication from North Macedonia concerning the J.M. and A.T. v. North Macedonia (Application No. 79783/13) [anglais uniquement] (coe.int)
124 1411th meeting (September 2021) (DH) - Action report (06/07/2021) - Communication from North Macedonia concerning the Gelevski v. North Macedonia (Application No. 28032/12)(Group Makraduli v. North Macedonia (Application No. 64659/11) [Anglais uniquement] (coe.int)
125 1419th meeting (December 2021) (DH) - Action Report (11/11/2021) - Communication from North Macedonia concerning the L.R. v. North Macedonia (Application No. 38067/15) [anglais uniquement] (coe.int)
126 1398th meeting (March 2021) (DH) - Action report (20/01/2021) - Communication from North Macedonia concerning the case DEMERDZIEVA AND OTHERS v. North Macedonia (Application No. 19315/06) (Group of cases Fetaovski v. North Macedonia (Application No. 10649/03) [anglais uniquement] (coe.int)
127 1419th meeting (December 2021) (DH) - Action Report (18/11/2021) - Communication from North Macedonia concerning the group of cases of NASTESKA v. North Macedonia (Application No. 23152/05) [anglais uniquement] (coe.int)

